**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четиринаесеттото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 ноември 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,39 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата, да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои не влегле во салата да влезат во салата и да ги заземат своите места.

(Минуваат минути на чекање).

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

(Нема доволен број).

Ги повикувам пратениците кои не влегле во салата да влезат и да ги заземат своите места.

(Минуваат минути на чекање).

Продолжуваме со работа по Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Насер Ајдини, Али Ахмети, Фазли Велиу, Блерим Беџети, Агрон Буџаку, Андреј Жерновски, Данаил Дончев, Лазар Китановски, Оливер Спасовски, Радмила Шекеринска, Владо Бучковски, Фијат Цаноски, Веле Митановски, Горан Мисовски, Валентина Божиновска и Абдуладi Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Предлог за донесување на закон за јавни набавки, со Предлог на закон.**

Претресот по амандманот за бришење на член 133, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 51 пратеник, од кои 8 гласале за, нема воздржани, 43 против.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници за време на гласањето, минус госпоѓа Филипова.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

(Има доволен број).

Констатирам дека гласањето беше валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 134 за менување на став 2 и на став 4 на втората реченица, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

За збор се јави госодинот Марјанчо Николов, повелет.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер, претставници од Бирото за јавни набавки.

Со овој амандман кој на некој начин е од техничка природа, се предвидува во членот 134 да се допрецизираат овие два става и тоа ставот 2 и ставот 4 односно во предложеното решение од страна на Владата стои дека кај договорите за јавна набавка на консултантски услуги техничката и финансиската понуда се доставуваат во одделни коверти.

Ние предлагаме да стои кај постапките за доделување на договори на јавни набавки да биде формулацијата, бидејќи договорите следат откако ќе се заврши целата постапка со објавувањето на јавната постапка. Тоа е во вториот став од амандманот.

Во ставот 4 од законот предлагаме до колку понудата или цената на понудата се изразува во валута да важи онаа валута која е според курсот на Народната банка на денот на отворањето на понудите.

Сметаме дека со ова решение многу пореално може да се процени одредена понуда додека периодот од 14 дена претходно кога сте ја поднеле понудата иако кај нас сега нема големи движења на курсната листа, сепак може во некоја иднина да се случуваат и такви промени, па ќе беше добро и во старото законско решение праксата е да биде на денот на отворањето на понудата таа курсна листа да важи.

Мислам дека многу пореално може да се утврди вредноста на понудата до колку се прифати нашето амандманско решение и затоа ги повикувам колегите да го поддржат амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, за гласале 8, воздржани нема, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 135, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Предраг Трпески:** Во овој член се регулира понудувачот да може да измени, замени или да ја повлече својата понуда пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите.

Значи, до денот на отворање на понудите, тоа е крајниот рок на истекување на понудите лицето кое што се јавило на огласот може да изврши измена на понудата по истата постапка, во затворен плик, во строга дискреција и тајност. Затоа бришењето на овој член не би било добро за текстот на овој закон, амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Иако заменикот министер се потруди да објасни во најголем број случаи понудите се поднесуваат на денот на отварањето на самите понуди. Праксата да ја повлечете понудата, а при тоа во членот 135 да не биде наведено под кои услови може да ја повлечете понудата, мислам дека отвора простор за нелојална конкуренција кај одредени постапки за јавни набавки, кои што ќе се спроведуваат. Значи, ако одите на некоја од постапките за јавни набавки, како што се конкурентен дијалог, постапка за преговарање со објавување на оглас итн, каде што не се толку цврсто определени условите или критериумите, вие преговарате со понудувачите. Обврска е да не ги издавате тајните кои што не ги договарате, но тоа е обврска. Не може некој да знае дали некој не се договорил со оној што преговара па во таа ситуација потоа кога ќе виде дека неговата понуда не одговара да ја повлече и да даде нова понуда. Тука може да дозволат да се повлече понудата, ако понудувачот некои документи од аспект на техничка способност или економска способност не му се комплетирани, па да ги комплетира, а понудата да ја повлече каде што предложил, цена, рок на плаќање, рок на испорака итн. Мислам дека не може да се дозволи особено што ако со законот се дозволуваат повеќе постапки каде што има обврска, меѓутоа, нема инструмент тоа да го контролирате дали некој од Комисијата за јавни набавки нема да пренесе дел од тајните што ги преговарал на некој од другите понудувачи кои што му се блиски, а чија што понуда не е адекватна на таа што ја понудил. Затоа дозволата да се повлече понудата без при тоа да се утврдат критериумите откако веќе е дадена, мислам деа отвора простор да се прават одредени договарања, злоупотреби се со цел некој постојано да лицитира кога некој ќе поднесе понуда што не одговара со е близок со Комисијата за јавни набавки.

Мислам дека можеби идејата на Бирото за јавни набавкив и на Владата е добра, но во пракса имајќи ги во предвид постапките во законот навистина не е добро решено и требаше да се допрецизира дека може понудата да се повлече само ако одредени документи кои што во конкретната понуда не се целосни да се докомплетираат. Затоа ги повикува колегите да го подржат амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Кај мене постои една дилема која што можеби можете и вие да ја разјасните или да размислите за прифаќање на амандманот.

Имено, можеби технички вака како што е напишан членот е во ред, ама за некоја друга држава во која што важат некои правила, наекои законитости, некоја лојална конкуренција. Овде во наши услови ако конкурира некој во една бранша значи ги доставуваат понудите и потоа се сигурни дека се завршила постапката. Очекуваат дека уште пред отворањето на понудите и можеби некои од службениците ќе ги информира конкурентите ние доставивме таа висина на понуда, таква и таква и тогаш можеби да се минира целиот процес во кој што конкурентот кога ќе го достави тој податок да ја повлече понудата и да даде пониска понуда. На тој начин се плашам дека ги внесувате во нееднаква положба сите понудувачи и постои опасност.

За мене членот би бил во ред доколку пости само процес на повлекување на понудата. Значи, не измена и замена, само на повлекување на понудата доколку осетат дека се измениле условите во моментот пред да конкурираат и до осознавање на работата, бидејќи многу често понудувачите по некоја инерција се пријавуваат на сите тендери без воопшто да размислат за можностите, капацитетите кои што ги поседуаат за да ги извршат работите. После може да се преслушаат, да се прекалкулираат и да видат дека навистина не можат да одговорат на тие услови па да ја повлечат понудата, а измена и замена се плашам дека од нив во правец на првото што ви го кажав. Размислете, дека сепак се внесуваат некои елементи на нееднаквост на понудувачите или можност за минирање на целата постапка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни, кога ги пишувавме амандманите мислевме дека овој амандман ќе биде прифатен.

Ќе биде прифатен со оглед на фактот дека и до сега најчесто во пликовите со пресметките и понудените цени се даваат непосредно пред почнувањето на отворањето на понудите. Свесни сме дека се носеа по два три пликови од понудувачите кој коверт ќе го погоди. Сега што нудите. Оној коверт што ќе го достави неговиот плик претходниот ден ќе се сомнева дали ќе му бидат пробиени односно дознаени цените, односно можност еден плик, па втор плик, па замена, па дали има можност мојот, па овој беше исправниот, овој го повлеков, да не створаме забуна при јавноста, при јавните набавки се трошат јавните пари, овој член да се избрише како што предлага нашиот амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници.)

Бидејќи во салата има доволен број на присутни пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 12, воздржано нема, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 136 за менување на став 1 и за бришење на став 6, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Предраг Трпески:** Благодарам.

Јас ќе се обидам да објаснам една работа.

Станува збор за отворањето на понудите. Во сите услови има јавно отворање на понудите освен кај електронската аукција. Што е тука интенцијата?

Кај електронската аукција интенцијата е оние што конкурирале се јавиле на одреден оглас да не се знаат помеѓу себе. Ако имаме јавно отворање на понудите тогаш тие ќе знаат кои се меѓу себе при самата аукција. При самата аукција тие следат кои аукцира, која цена ја нуди, но таму нема име на фирма, туку има шифри кои што ги имаат претходно добиени при нивното конкурирање и шифри кои што ги има добиено од Бирото за јавни набавки.

Тие ги следат само шифрите и фактички ја даваат цената. Цената оди надоле, се избира најповолната цена. Значи, тука нема задни намери, туку се работи кога станува збор за електронска аукција понудата не треба да биде јавно отворена, фирмите да не се знаат кои се помеѓу себе за да може да се изведе таа аукција и тие да конкурираат во спуштени на цената надоле со што би се избрала и најдобрата понуда. Токму затоа овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Јас имам сосема спротивно мислење од заменикот министер за финансии. Значи постапките за јавни набавки пред се треба да обезбедат транспарентност, фер конкуренција и натпревар меѓу натпреварувачите. Затоа во Законот за јавни набавки или во постапките се предвидува за некој да може да поднесе прифатлива понуда да изполни неколку критериуми. Значи, треба да има техничка способност која се пропишува при објавувањето на тендер. Дали да има одреден број на вработени, одреден број на опрема, да изврши многу работи, референтна листа или да поднесе документи за електронска способеност (бонитет, дека не е отворена стечајна постпка, ликвидација, забрана за вршење на дејност итн). Тие документи се предуслов да можете да учествувате како валиден понудувач при евулација на понудите.

Со електронската аукција како постапка која што е можеби нешто напредно модерно и ќе придонесе за одредена конкуренција во цената Владата не предвидува да има јавно отворање на понудите со образложение од страна на министерот дека на тој начин може фирмите меѓу себе да се запознаат **со** претпоставка при лицитацијат да не се договорат како ќе ја симнат цената. Мислам дека, прво за да дојде до електронска аукција сите кои што се заинтересирани како понудувачи треба да знаат дали сите се рамноправни односно дали ги исполнуваат техничките и економските критериуми да бидат прифатливи како понудувачи. Што ако некој не поднесе комплетна техничка или економска документација, а го земете како валиден да учествува во електронската аукција и го добијат тендерот. Може да понуди пониска цена, нема толку број на вработени, нема толку трошоци, можеби имал некоја постапка отворено, веројатно ќе објаснат дека подоцна ќе доставaт документи но не е целта тоа. Целта е пред да почне електронската аукција сите да знаат дека конкурентите нивни ги исполнуваат условите. А вака се создаваат услови учествувај во лицитацијата, па лицитирај ако добиеш цена немаш некој документ, ќе се слкучи договор, дали после право на жалба ќе достав сите. Мислам дека не држи или не е добро да се врши електронска аукција без да се знаат дали понудувачите ги исполнуваат другите услови. Не може така да се спроведат постапките за јавните набавки. Навистина е проблематично. ако вие сте имале претходно, немала бонитет

фирмата или не може технички да ги изврши работите, а лицитира со цена во тој случај навистина електронската аукција на еден начин кој што е добар се создаваат предуслови кои се за не фер конкуренција пофторно тендерите да ги добиваат фантом-фирми, како што е случај, од еден вработен, кој што можат да дадат многу ефтини понуди затоа што немаат други трошоци освен за канцаларија и за спремање на тендерската документација. Мора да има јавно отварање на понудите.

И за вториот став, ставот 2 стои дека договорниот орган во тендерската документација може да конкурира и со други елементи кои ќе бидат прочитани на јавното отварање.

Мислам дека нема потреба кога распишувате тендер, мора јасно да наведете се што барате. Не може отпосле да барате дополнителни услови или да се чита нешто друго знаејќи можеби дека некој и не го знае тоа дополнително што ќе се чита.

Постапката е многу јасна при јавната набавка. Имате јавен оглас каде што е дефинирано и тука е целата умешност каков тендер ќе направите за да можете да добиете добри понуди. После тоа нема менување на условите. Не можете да си играте денеска вака, утре така. Тоа е основната цел на јавните набавки, да се обезбеди конкуренција за да добиете поквалитетна понуда, пониска цена, подолг рок на плаќање и рок на испорака. Затоа сметам дека амандманот е издржан, а електронската аукција ако не сакаат да лицитираат конкурентите, меѓусебно се договараат не е во ред. Секој поднесува понуда на тендер за да го добие тендерот. Никој не поднесува понуда за да се договара некој друг да го добие тендерот. Тоа се исклучителни случаи и затоа мислам дека амандманот треба да се прифати и јавно отворање на понуди мора да има. Благодарам.;

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Верица Филипова. Повелете госпоѓо Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни, една од причините за предлагањето на новиот Законот за јавни набавки беше електронските аукции. Впрочем и во експозето на министерот при образложението на овој закон се вели дека со него ќе се воспостави електронски систем за јавни набавки со кој ќе управува Бирото за јавни набавки итн, и потоа во него се разработени правилата за склучување на рамковни спогодби и правила за вршење на електронски аукции.

Партизацијата на нашиот систем односно партизацијата до последата пора на денешното општество ни нуди да бидеме сигурни дека електронските аукции ќе значат огромна можност за злоупотреба при доделувањето на јавната набавка. Зошто?

Досегашното искуство од електронски распределби, прво, ќе ги спомнам електронските распределби на становите кога компутерот како најлесно средство за манипулација, за злоупотреба се искористи како можност за оправудување дека еве компјутерот ги делел становите, се сеќавате, а всушност сите станови беа поделени онака како што беше заинтересирана владеачката партија. Со комјутерската понуда софтверот најлесно е да се изманипулира во во него да се напише кој да добие. Тогаш веќе нели треба човек, затоа што компјутерот не знае сам да мисли, односно мисли онака како што ќе биде испрограмиран. Значи, помогнат компјутерот на електронски начин по електронски пат да се поделат општествените станови, становите за социјални случаи на оние луѓе на кои што се сакаше. Да не ги кажувам ироничните случаи, да не кажувам што се направи и кој ги доби становите при електронската распределба.

Понатаму, на електронски начин, како што предвидувате во овој Законот за јавни набавки се поделија и собите во студенските домови, повторно злоупотреба на терминот електронска распределба.

Веќе се навикна оваа Влада да електрониката и зборот компјутерски електронски најдобро се користи при нетранспарентност при партизација. И сега и во Законот за јавни набавки ќе се обелодени со овој закон со електронска аукција, електронска додела на добитникот на тендерот. Точно е дека во развиениот свет, точно е дека во Европската унија со електронска аукција се распределуваат јавните набавки. Имаат можност да се натпреваруваат понудувачите на оваа аукција. Меѓутоа, развојот на македонското општество, посебно сегашното ниво на раководење и управување со државата од страна на оваа Влада ни дава за право да бидеме убедени дека овие членови и овие термини електронска аукција, електронска распределба ќе бидат максимално злоупотребени односно ќе бидат користени во партиски цели. Уште повеќе со овој член предвидувате и тендерската документација, општиот дел кој прво се отвора воопшто да не биде предвиден односно да не знаат понудувачите кој се јавил на тендерот, кој со што располага и кој што нуди.

Всушност сведоци сме сите. Тендерите за градежни работи ги добиваат човек фирми, луѓе без градежни инжињери, луѓе без архитекти, луѓе без градежна механизација. Регистрирал на некој од семејството, знаете што се случува, регистрирал на некој од семејството фантом фирма, го добил тендерот за некои цени, затоа што е партиски војник и потоа се манипулира односно се перат пари, останува процент, па се ангажираат други фирми изведувачи и на терен работат луѓе кои воопшто не се пријавени, луѓе кои немаат ни работнички книшки, а инспекцијата мижи, трудовата инспекција не доаѓа на теренот

да провери кој работи како работи, затоа што таму не треба да се оди, тоа е партиска работа. Токму така се работи на штипискиот Универзитет со такви фантом фирми кои ги добија тендерите и работат по двајца или тројца работници на теренот, луѓе кои ими се пензионери или се водат на Бирото за невработени.

Околу овој член и овој амандман каде што се предвидува општиот дел на понудите да не се отвора, можам да го спомнам и случајот со продажбата на ТЕЦ Неготино кога токму на непотполна документација, а тендерската комисија тврдеше, да , се има, па мораше министерката Рафајловска дополнително да се вади и да се изјаснува само уште нешто да ни достават, па се ќе биде, цело е кога има се. Цело не е кога фалат само уште некои работи, тоа е изигрување на законот, тоа е злоупотреба, тоа е партизација и можност за трошење на јавните пари на неодговорен начин. Такво нешто ќе понуди и овој член од Законот за јавни набавки. Јас сум разочарана што законот веќе подолго време го дискутираме на Парламентот, а што сегашната Влада и претставникот од Министерството за финансии не собра сила, не беше доволно доблесен да го повлече законот, да оди во две фази, како би се изјаснила македонската јавност компетентните луѓе во државата по нелогичните членови. Овој закон, всушност и овие членови предвидуваат склучување на договори во четири очи за милионски суми при набавка на електрична енергија, предвидува 30% надминување, така што всушност ова е каша од закон, кој предвидува да се заобиколат јавните набавки и од целата постапка да остане само името и ништо друго. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Потполно се согласувам со исцрпната дискусија на претходните дискутанти, мислам дека дадоа многу аргументи врз основа на што е поднесен овој амандман. Сметам дека е издржан. Бидејќи се работи за многу сериозен закон, закон за јавни набавки, а се стремиме со усогласување кон европското законодавство, гледам дека дискусијата на претходните дискутанти дадоа исцрпно какви последици ќе има, а одговорот на заменик министерот беше дека амандманот не се прифаќа како што и вообичаено е секој амандман да не се прифати.

Јас имам сосема спротивно мислење, како и моите претходни дискутанти. Амандманот е издржан. Овој амандман е предложен за да има поголема транспарентност и сметам дека отворањето на понудите треба да биде јавно. Тоа е најбитното, бидејки се работи за пари на народот. Зошто сметам дека отворањето треба да биде јавно? За да се види дали ги исполнуваат условите нормално, затоа што ги има многу големи можности за злоупотреби, манипулации и бунар на корупција ни нуди токму овој член. Во овој закон имаме хаос. Токму пак доаѓа предвид едно договарање во четири очи со голема сума на набавки без контрола на никого и без учество на Бирото за јавни набавки. Јас мислам дека заменик министерот ќе најдеше доблест барем да прифати нешто што навистина е издржливо, а не секогаш амандманот не се прифаќа. Во амандманот предлагаме ставот 6 да се извбрише. Зошто? Во ставот пишува: “договорниот орган во тендерската документација може да дефинира и други елементи кои ќе бидат прочитани на јавното отворање”. Мислам дека ставот 6 треба да се избрише. Како може отпосле, јасна е постапката за јавен тендер, за јавни набавки и став е дека ставот 6 треба да се избрише. Каков одговор да ни дава заменик министерот, мислам дека за нас е неприфатливо дека нуди многу можности за злоупотреба за се, така што ги замолува почитуваните пратеници нека размислат и да го изгласаме овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Пратениците гласаате).

Гласањето ќе го повториме.

Мислам дека сега има доволен број на присутни пратеници.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници, за да можеме да преминеме на ново гласање.

Амандманто го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 11, воздржани нема, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 137, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Предраг Трпески:** Овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Јас би посочил на ставот 2 од членот 137 во кој што пишува: “кај набавка на консултански услуги Комсиијата најпрво ги евалуира техничките

понуди, а по евалуацијата на техничките понуди во согласност со условите од тендерската документација закажува јавно отворање на финансиските понуди на прифатливите понудувачи, при што сите понудувачи мора да бидат известени за датумот, времето и местото на јавното отворање на финансиските понуди". Првото прашање е дали при евалуацијата оние кои што не ги исполнуваат техничките услови ќе бидат елиминирани во понатамошната постапка, значи остава простор за дилеми. Вака формулираното, логично е дека ќе бидат елиминирани. Инаку, зошто би постоела валуација на техничките услови. До колку е тоа така, тогаш ви се молам, обратете внимание дека ви се коси со оној фамозен член 34 за кој што ние дававме амандмани, ама беше отфрлан. Значи во членот 34 пишува дека "договорниот орган не смее да ја отфрли понудата ако стоките, услугите или работите не се во согласност со спецификациите на кои се однесува договорот, а понудувачот докаже дека понудата ги задоволува на соодветен начин барањата на договорниот орган". Значи, да поедноставам. Ќе бидат елиминирани после евалуацијата, ама после ќе се повикуваат на член 34 во кој што ќе бараат пак да се вратат во игра, бидејќи така законот им овозможува, ќе ви докажат дека имаат дополнителни можности за спроведување на техничките услови од договорот и тогаш имате отворен проблем за судска тужба или жалба пред второстепена владина комисија. Мислам дека вака формулираниот се коси со членот 34 во кој што, ако се применува членот 34, безпредметна ви е евалуација. Тогаш, секако сите ќе мора да учествуваат при изборот и сите ќе треба да ги информирате.

Ви се молам, да одговорите ако ова не е така, тогаш ние сме навистина во заблуда или погрешно го читаме правно формулираниот втор став на членот 137. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Целиот овој член од законот, како и некои други членови за кои што многу дебатиравме во изминативе денови, е навистина проблематичен и кога ќе се обидете една целина да склопите од сите членови во законот, ќе добиете она што е една нејаснотија, една конфузија, еден хаос во кој што тешко кој ќе може да се снајде. Навистина, не каша, не знам што ќе испадне од законот на крајот.

Во членот 137, во ставот 1 стои "Комисијата Ќе пристапи кон јавно отворање на понудите до колку е пристигната само една понуда". Наназад во неколку членови каде што се постапките, отворен повик, ограничена постапка, конкурентен дијалог, постапка со преговарање, со објавување на оглас, јасно стои дека треба минималниот број на поднесени понуди да биде од 3 до 5. Да не ги набројувам сега поединечно за секоја постапка. Сега наеднаш со еден член автоматски бришете сето тоа како постапка што претходно сте го планирале и дозволувате да ви се јави само еден понудувач и неговата понуда да ја земете во евалуација. Веќе, ако ништо друго, барем оваа Влада имаше пракса со такви постапки, да не зборуваме за земјиштето кај Рамстор, да не зборуваме за хотелот за локацијата во Охрид, каде што спротивно на принципите на објавување на јавни огласи земаат да евалуираат само по една понуда, па видовме што испадна од сите тие постапки сега за земјиштето кај Рамстор се докажа дека има одредени нејаснотии. Потоа, за хотелската локација во Охрид се повлече понудувачот и сега повторно Владата сака тоа на некој начин да го легализира. Да има еден понудувач и да си тера по свои постапки, дури и кога нема вистинска конкуренција. Нека оди на постапка со преговарање, меѓутоа нека не исклучува таму каде што ќе има повеќе понудувачи, да ја исклучува конкуренцијата. Нависитна, не ни е јасно што се сака со овој член да се постигне. Да имате една понуда и тоа да го сметаме како успешен тендер, не држи. За вториот дел објаснуваше колегата Герамитчиоски. Вакви членови, навистина не одат во прилог на никого во Република Македонија, освен тоа што Владата се обидува да легализира одредени постапки кои што ги правеше, а кои што се покажаа како погрешни и имаат елементи на корупција. Спомнав неколку. Претходно тоа се направи во мандатот кога беше и за ОКТА. Се легализира непосредното договарање за други работи. Немојте вакви членови да внесувате, затоа што пречи во праксата на работење, а не се законски и не се во интерес на никого. Колегите немаат намера да го подржат амандманот, мене ми е јасно, но навистина во интерес на обезбедување на една здрава конкуренција и правилност во тендерите, овој амандман треба да се прифати и да спречиме понатаму да се случуваат такви постапки во кои што некој, повикувајќи се на закони, ќе легализира криминал. Не е добра таа пракса за Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата, зошто не очекува гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 9, воздржани нема, против 52 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворма претрес по амандманот на член 144 за бришење на ставовите 2 и 3 поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Иам збор господинот заменик министер.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Со овој амандман Владата во законот ги предвидува минималните услови во врска со економската и финансиската состојба и со техничката или професионалната способност на економските оператори, да бидат пропорционални на предметот на договорот за јавна набавка. Сега тука некој ќе си цени, ако е некој помал договор можеби ќе бара вакви или онакви докази за економска или техничка способност. Тотално нејасен член и повторно можност кој како сака да си го толкува и кој како сака да си го применува. Очигледно дека дебатата не вроди со плод. Беа прифатени одреден број на амандмани, но сепак останаа голем број на членови во овој закон што ќе доведат до тотално неправилно трошење на парите на граѓаните. Со вакви членови и со вакви формулации, навистина ако е целта да се исполнат одредени само бројки во државата дека имаме закон, гарантирам дека не не води никаде. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 8, воздржани нема, против 55.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 151 за бришење на став 3, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Тука се врши усогласување со член 47 точка 3, од веќе спомнатата Директива на Европската унија, така што не може да се брише ставот 3 од членот 151.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Најпрвин, почитуван претседателе, во интерес на тоа денес да успееме да привршиме, нема да побарам отворено сомневање дека во салата имаше 63 пратеници, сега со листингот тоа ќе ви го докажам, а ќе продолжам да зборувам по амандманот.

Имено, членот 151 има свое образложение и во кореспондентната табела каде што се заштитуваат луѓето или компанијата, економскиот оператор кој се јавил на тендерот или каде што се приморува економскиот оператор да го докаже својот финансиски капацитет и другите капацитети што ги поседува за да може да се јави на тендерот за јавни набавки, при што тој мора да поседува и валиден доказ за соодветните финансиски средства, како и тоа дали средствата се добиени од чисти пари, а не пари од измами или од перење на пари. Тоа е во ставот 2.

Ставот 3 се однесува ако економските оператори настапуваат во група.

Амандманот што се предлага од моите колеги, Николов, Филипова и Цветковска, го разбирам како обид да се каже дека, без разлика што и тоа постоело досега, не го почитувала Владата и тука како пример ќе го дадам мојот или нашиот најомилен пример за “чесноста на оваа Влада”, а тоа е ТЕЦ Неготино.

Без разлика што во тендерот, меѓународен тендер за ТЕЦ Неготино, условите кои се однесуваат на групни или на конзорциум пишува дека оние кои настапуваат во конзорциум мора да достават доказ дека инвеститорот има просечен обрт на средства во последните три години од 400 милиони евра, дека инвеститорот има остварено кумулативен профит за последните три фискални години од 200 милиони евра, дека има соодветни референци за реализирана изградба итн и дека има позитивни ревизорски извештаи за последните три фискални години, издадени од независна и реномирана куќа и без разлика што пишува дека ако не ги исполнувате овие услови нема да бидете квалификувани, Владата се реши, по одлуката на тендерската комисија, да ја прифати понудата на бугарскиот конзорциум ХАЧ, услови кои морала да ги знае и ги знаела во моментот кога одлучувала. За жал, откако не се договориле меѓусебе што ќе направат со приливот на средства од бугарската врска и по јавните прозивки од страна на опозицијата и медиумите, Владата се откажа од оваа продажба што уште еднаш ја потврдува непотребноста на членот 151 став 3 кој бараме да се брише, бидејќи Владата и сега тие обврски не ги исполни.

Без разлика што некои новинари, како што денес еден новинар од еден весник посакува опозицијата, без разлика што ја фали, да биде долго време во опозиција, што нема да му го исполниме тоа задоволство, дали тоа се коси со некои норми за нормално пишување, останува тоа да се докаже, пишува дека луѓето работат толку колку што системот ќе им дозволи и сите обиди овие денови, со нашите амандмани е да го стесниме тој простор, тие услови за можни

злоупотреби од страна на органите кои ќе ги спроведуваат овие јавни набавки, посебно што се докажа дека овој закон е напишан за да го легализира се она што досега го правеше оваа Влада. Сите оние работи што си ги измислија да си ги направат, се обидуваат да ги легализираат. Затоа нема потреба во член 151 да се наведува дека мора да има економска и финансиска поддршка од третиот субјект кој ќе биде водител на групата, затоа што и досега имаше такви услови, како што е меѓународниот тендер за приватизацијата на ТЕЦ Неготино, но Владата тоа не си го почитувала. Тука, во таа смисла давам поддршка на амандманот на моите колеги од СДСМ. Директивата е јасна. Економскиот оператор мора да ја кажува својата економска и финансиска способност и се надевам дека за разлика од случајот со ТЕЦ Неготино, Владата барем овој член ќе го применува во следните активности што ќе сака да ги преземе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

Јас ќе реплицирам во еден многу интересен дел од она што го говореше колегата Макрадули, за споменатата колумна во еден дневен весник. Јас утрово ја прочитав и најискрено, тоа е една од поубавите работи што ги слушнав и од новинарско перо затоа што цела ова дискусија и дебата што ја водиме овие денови и во Собранието и надвор од него е преточена во добри 4-5 реда и им препорачувам на сите да ја прочитаат, не сакајќи ништо да прејудицирам дека практично тука ни е дадена сликата за она што треба да го правиме. Ќе прочитам само еден дел. Вели вака:

“Дебатата за ТЕЦ-от беше сведена кон учесниците односно дали се тие чесни или нечесни. Сега, за читателите кои сеуште веруваат во Дедо мраз, ова што ќе го напишам може да прозвучи како шок, но чесни луѓе не постојат. Ние можеме цел живот да бараме идеално чесни луѓе за функционери, но многу подобро е да изградиме систем во кој дури и клептоман да го ставиш на функција, нема да може да краде. Од друга страна ако имаме систем во кој знаеш дека обвинителот нема да те гони, судијата нема да те осуди, безбедносната служба ќе те поддржува па и поттикнува, новинарите ќе читаат и ќе бутаат, а претседателот по потреба ќе те помилува. Тогаш и Мајка Тереза да дојде на функција ќе прокраде”.

Значи тоа е најпластично објаснетиот модел на она што се случуваше во Македонија и она што се случува во Македонија. Тоа е, најпластично, една шлаканица до сите политичари како и што треба да работат. Она што треба да работат е да градиме систем и за тоа апсолутно е заслужна власта, но уште повеќе е заслужна опозицијата. Заслужна е заради тоа што треба постојано да е коректив на власта. За тоа се заслужни медиумите, здруженијата на граѓани, сите оние кои ги интересира. Најдобриот начин да и помогнеме на оваа држава е да изградиме систем во кој, без разлика што приватно сака да прави Јани Макрадули или Александар Николовски нема да може да го прави тоа заради тоа што системот тоа нема да му го дозволува.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута реплика за господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Да изразам задоволство што господинот Николовски потврди дека приватизацијата на ТЕЦ Неготино била криминална, со тоа што посочи дека оваа колумна е вистинита и ќе цитирам една реченица од колумната во која се вели вака:

“Но настрана од овие будалаштини, на крајот се покажа дека СДСМ биле во право и во голема мера придонесоа да се спречи една штетна зделка”.

Се надевам дека Александар Николовски нема да сноси партиски санкции заради своето потврдување дека оваа колумна е вистинита. Се надевам дека и господинот Ставрески и господинот Груевски ќе ја прочитаат колумната и во разговор со господинот Николовски ќе разберат зошто ТЕЦ Неготино била криминална зделка, а јавноста тоа ќе го докаже во 2010 година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Јас морам повторно да признаам дека бев мотивирана дополнително да проговорам и по овој амандман, а воопшто и по понудата што во овој момент ја имаме од Владата на Никола Груевски, во форма на нов закон за јавни набавки.

Колега Николовски, убаво е што сте ја прочитале колумната, убаво е што признавте и можам да кажам дека горди сме ние од СДСМ што успеавме и ја сметаме за една наша голема победа, во корист на граѓаните на Република Македонија, што ја натеравме јавноста, вклучително со богатата поддршка од медиумите, да обзнаниме еден навистина голем корупциски скандал во обид, на Владата на Никола Груевски, се разбира, за која беше задолжен вицепремиерот за економија, господинот Ставрески. Потрошивме време, часови за да укажеме на тоа што вие сега во овој момент во форма на Предлог закон ќе го гласате. Господине Николовски, во моментот кога ќе го гласате овој закон, повторно ќе ве потсетам на колумната и за сите идни скандали што сега и што ќе се случуваат и имаат таков карактер.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, сепак држете се до амандманот.

**Весна Бендевска:** Амандманот го поднесовме, господине претседателе, со цел да го подобриме катастрофалниот закон што ќе биде.

**Љубиша Георгиевски:** Не се сомневам во тоа, затоа говорете за амандманот.

**Весна Бендевска:** Значи секоја дискусија по секој амандман и поединечно и воопшто е само во една цел, да се обидеме да спасиме она што може да се спаси, да се обидеме во оваа законска рамка да ги оневозможиме сите идни коруптивни однесувања на членови на извршната власт, бидејќи очигледно е, не верувам дека Владата ќе се откаже од продажбата на ТЕЦ Неготино, со оглед на тоа што веќе е јасно дека не постои економска стратегија во Владата, со која во Македонија ќе се успее да се подобри и економската состојба, во смисла на економски напредок. Токму заради тоа сметам дека системот постои во овој закон. Меѓутоа, повторно повикувам на крајот да не дозволиме да биде изгласан овој закон во оваа форма, бидејќи навистина секој од нас ќе придонесеме за идните коруптивни однесувања на оваа Влада. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јавија господинот Александар Николовски и господинот Грозданов.

Прво господинот Грозданов па потоа господинот Николовски.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас сметав дека повеќе ќе се задржиме можеби по амандманската расправа, но бидејќи се разви дискусијата, јас во интерес на вистината, само колку да ги потсетам СДСМ и медиумите, но исто така да ја потсетам и македонската јавност.

Госпоѓо Бендевска, дали сте со кратко паметење или така сакате да изгледате, од причина што продажбата на ТЕЦ Неготино, доколку вие сте заборавиле, но македонскиот народ не заборавил ниту пратениците од мнозинството заборавиле, вашата продажба беше за четири милиони.

Дали еднаш ќе признаете која е катастрофалната продажба, кој е начинот и каде е криминалот, дали четири милиони или 63 милиони.

(Од место се јавува Јани Макрадули, што не го продадовте)

**Цветко Грозданов:** Вашата понуда беше таа. Да не беше ВМРО-ДПМНЕ ќе го продадевте за четири милиони. Која ќе беше тогаш загубата на државата. Затоа што ние се спротиставивме, затоа вие не го продадовте. Сметате ли дека ќе ја дефокусирате јавноста и дека ќе заборават за четири милиони. Мислите ли дека сме со кратко паметење, дека ќе направевте катастрофална грешка.

Сметата ли дека градоначалникот на Охрид кој не почитува никаква тендерска документација, кој нема ни тендери во Охрид, рачунате и зборувате за јавните набавки.

(Реакција на пратеникот Јани Макрадули и пратениците од СДСМ)

**Јани Макрадули:** Претседателе што не го прекинете, како што нас не прекинувате, не зборува за амандманот.

**Цветко Грозданов:** Господине Јани Макрадули, прочитајте ги кривичните пријави на вашите градоначалници, прочитајте ги кривичните пријави на вашите екс министри и премиери и да видите каде е криминалот, да видите дали тендерските јавни набавки во изминатиот период ...

**Љубиша Георгиевски:** Пауза од 10 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,30 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата.

Тука застанавме со контра репликата, вашата минута госпоѓо Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Мислам дека репликата на колегата беше навистина индиспонирана. Со оглед на тоа што тој говореше за продажба на капацитетот ТЕЦ Неготино од страна на Владата на СДСМ. Што продавале тогаш Рафајловска и Ставрески? Веќе продадено нешто?

Ќе говорам за она што ние спречивме оваа Влада да го направи. . .

(Упадици од страна на пратениците од позицијата)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да не упаѓате.

Господине Грозданов ве молам да не упаѓате. Ќе имате 10 секунди повеќе заради упадицата.

**Весна Бендевска:** Станува збор за скандалозна тендерска постапка во врска со продажбата. Тоа веќе сите го знаат. Освен госпоѓа Рафајловска која, малку е да се прегрнува по медиумите со Ставрески, таа смета дека никој нема потреба да поднесе одговорност, бидејќи цитирам:”Одлуката ја донела Владата”. Согласно тоа повторно можеме и добро е Одлуката навистина да ја преземе вкупно Владата, бидејќи тендерот како што започна така и заврши. Претпоставувам дека за второто полувреме ќе суди јавноста. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Имавте 15 секунди плус. Тоа е се.

За реплика се јави господинот Александар Николовски на излагањето на госпоѓа Бендевска, вашите три минути.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

За жал, бев изваден од контекст односно опозицијата се обиде да ме извади од контекст. Многу чудно и за анализа како дури и кога се обидуваш да пофалиш нешто, дури кога се обидов да кажам убав збор за опозицијата, опозицијата не го прифаќа тоа, но тоа е веројатно до политичкиот код.

Сега нема да бидам толку коректен, ќе прочитам два дела од истата колумна која нема толку да ви се допадне. Цитирам:

"За да видиме колку е ова драстично подобра атмосфера за приватизација, доволно е да ја споредиме со состојбата од почетокот на 1990 година. Тогаш, "корумпираната Влада на Никола Кљусев падна за скандал од неколку тојоти". Ја бутна "чесниот Бранко Црвенковски" кој потоа спроведе приватизација во која уште и штекерите што не ги корне од фабриките. Се бркаа и уценуваа вработените и се случуваа штетни договори кои ни дете не би ги потпишал. Ова се случуваше во услови на буквално немање опозиција, речиси целосно отсуство на слободни медиуми, главоклиматско судство и служба која самата не крадеше, замижуваше пред крадците. Во такви услови ниту е можна поинаква приватизација. Да ги имавме од почеток денешните медиуми, каква било опозиција и Џилиен Миловановиќ Македонија одамна ќе беше пристојно место за живеење".

Уште еден цитат од крајот на колумната која Макрадули ја спомнува селективно, јас нема да бидам селективен и ќе прочитам. "За крај, збор два за опозицијата. Некои нивни аргументи за продажбата на ТЕЦ-от беа одвратни за слушање. Иако СДСМ ќе го продадече ТЕЦ за 4 милиони евра, тоа сепак не им пречеше да се пенават затоа што новата Влада сака да го продаде за 62, а не за 68 милиони евра. На СДСМ кои без око да им трепне ги земаа крвавите пари на Милошевиќ и му продаваа нафта за тенковите со кои убиваше по Балканот сега одеднаш им пречи тоа што во земјата доаѓаат инвестиции од Бугарија, која изминативе години е тешкаш во светски рамки и во привлекување на странски инвестиции". Ова не е Александар Николовски, ова е јавноста. Јавноста го кажува ова, јас и оставам на јавноста да суди, но разликата е многу јасна и очигледна. Ние градиме систем, систем во кој, без разлика кој и како прави, ќе може на крајот на војната да имаме позитивен резултат. Градиме систем во кој еден ден кога СДСМ ќе дојде на власт дури и вака опишан во колумната нема да и прави штета на Македонија, како што и правел порано. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Весна Бендевска, повелете вашата минута.

**Весна Бендевска:** Јас ќе говорам за фактот што вие упорно одбивате да зборувате на актуелна тема за продажба на ТЕЦ Неготино. Ќе потсетам, наместо Сенкап кој понуди 68 милиони евра и изградба на дополнителен капацитет од 600 мегавати што реално беше најдобра понуда. Ја избравте бугарската Хач, претпоставувам заради тоа што беше маскирана во канадско знаме која нудеше 6 милиони евра помалку и 100 мегавати помал капацитет за изградба. Тука е скандалот господине Николовски и за тоа ќе говориме. Фактот што поништивте цел тендер за кој во првата постапка се јавија 15 фирми кои сега имаат можност сите 15 пред суд да ги бараат своите права дополнително ќе реагираме. Кој ќе ги сноси трошоците кога не Владата на Никола Груевски, туку Република Македонија ќе треба да ја плаќа штетата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ве молам без дофрлувања.

За збор се јави госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни, нашата улога овде како парламентарци и нашата обврска е да зборуваме во име на народот, во име на луѓето кои не изгласале всушност и зборот "Парламент" доаѓа од тие два збора дека зборува свеста. Сите знаат што значи тоа. Јас не би сакала овде да цитирам и да анализирам колумни и изјави и написи на провладини или проопозициони новинари. Несомнено дека во секоја демократија пишувањето и кажувањето на јавноста е многу, многу важно. Меѓутоа, уште поважно е кажувањето и зборувањето наше овде во Парламентот.

Токму поради тоа ги предлагаме овие амандмани. Токму поради тоа седнавме и критички го обработивме по трет пат Законот за јавни набавки во рок од три месеци.

Владеачката ВМРО ДПМНЕ прво ни предложи измени и дополнувања на тој закон, во рок од две недели повторно измени и допоолнувања, па уште по две недели трет закон, сега нов Предлог на закон за јавни набавки. Сите три пати ги обработувавме и пишувавме амандмани, амандмани со кои сакавме да го подобриме текстот на законот да не ни се случуваат скандали како ТЕЦ Неготино, да не ни се случуваат скандали како можноста која ќе биде промовирана и законски канализирана со овој закон за јавни набавки од купување на електрична енергија директно во четири очи. Трошење на 200 милиони евра, 300 милиони евра, 400 милиони евра, народни пари од спогодби во четири очи и пак ќе речете зошто зборувате, не зборувајте овде. Така ни викавте и кога почнавме да зборуваме за продажбата на ТЕЦ Неготино.

Да не се манипулира овде со јавноста дека сме ја продале за 4 милиони евра како СДСМ, како претходна Влада. Која стока, кое добро може да се продава два пати. Ниту едно. Ако сме ја продале тогаш како ќе остане сега вие да продавате. Туку, како експерт од енергетиката, господа пратеници, да ви објаснам дека имаше распишан тендер за продажба на ТЕЦ Неготино, дека претходната Влада ги отвори понудите, меѓутоа, остави одлуката да ја донесе новата Влада, бидејќи во меѓувреме ги изгубивме изборите на 5 јули. Одлуката на кого ќе се продаде ТЕЦ Неготино не беше донесена од претходната Влада, најодговорно тврдам,

всушност земете ги стенограмите, одлуките излегуваат во Службен весник, прочитајте, а не само да ја манипулирате и да ја лажете македонската јавност, од тоа и е преку глава, видете што се случуваше со претходниот тендер на ТЕЦ Неготино. Претходниот тендер оваа Влада, Владата на господинот Груевски при крајот на месец октомври 2006 година го поништи. Да, така беше. Така беше. Не беше продаден. Ако беше продаден дали значи дека и сега е продаден. Не го продадовте сега, не направивте договор. Секој разумен човек знае што е финалето на секоја продажба. Финалето е потпишување на договорот. Овој пат договор не беше потпишан. Ниту овој пат ниту претходниот пат.

(Дофрлување од страна на пратениците од позицијата да зборува за амандманот).

Сега што би сакала да кажам? Дали во случајот со ТЕЦ Неготино се работи за наивна Влада, дали се работи за Влада која "не знае", луѓе кои не знаат можеби се глупави луѓе или се работи за корумпирани. Сигурно дека е третото, сигурно дека тендерската комисија составена од девет члена кога гласала, гласале 5 : 4, се знаат 5-те члена на тендерската комисија кои гласале за Хач. Сигурно дека не биле ниту наивни ниту глупави, туку или некој барал така да гласаат или сите биле корумпирани. Во меѓувреме не сносат никакви консеквенци, одведовте цел управен одбор на ОХИС во притвор, а оваа тендерска комисија уште некој изјавува таму, никој нема да сноси одговорност, мислам дека не треба да сносат одговорност, а ако се потпишеше договорот, излезе во Службен весник на 31 јули Одлуката, излезе, да, немојте ви се молам, доста манипулиравте и ја лажевте македонската јавност. Впрочем и јавувањата по телефон дека аман, овие за една година почнаа да крадат, кажуваа дека народот повеќе не ви верува.

Што предвидуваме во амандманот? Предвидуваме во членот 151 ставот 3 да се брише. Зошто? Затоа што вакви работи кои се случуваат со ТЕЦ Неготино, вакви работи кои ќе се случуваат при директните спогодби за купопродажба на електрична енергија кои допрва ќе бидеме сведоци што се случува, (упадици од страна на опозицијата, а пратеникот Макрадули бара од претседателот да ги опомене, а претседателот ги опоменува само со удирање на ѕвончето), сакаме да ги спречиме. Домашната култура си ја носиме овде кога доаѓаме за пратеници, мислам дека се манифестира со нашите реакции, мене тоа воопшто не ми пречи.

Членот 151 во ставот 3 вели дека ако економски оператори поднесат групна понуда или пријава за учество, економската и финансиската состојба се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата.

Колешке која дофрлувавте дали го имате прочитано овој член и дали можете да го поврзете со случајот со ТЕЦ Неготино. Токму ова овде се спречува. Ако групата на понудувачи или кандидати настапува со финансиска поддршка од трет субјект, економската и финансиската состојба се утврдува согласно ставот 2 на овој член. Дали поврзувате дека сето она што се случуваше во тендерот од Конзорциумот Хач чие име беше употребено само за замајување на македонската јавност. Во овој член е опишано дека може така да се прави понатаму и со овој наш амандман бараме тоа да се избрише. Бараме јавните набавки да бидат транспарентен процес, а не да нудат можност за огромни корупции. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе,

Сакам да укажам дека амандманите кои пратениците на СДСМ ги поднесоа за овој закон вклучително и овој амандман се во функција на создавање на систем кој ќе овозможи јавни набавки кои нема да бидат злоупотребувани од страна на оние кои ги вршат јавните набавки и систем кој ќе ги намали можностите за злоупотреба.

За жал, неприфаќањето на амандманите од типот на обезбедување на Бирото за јавни набавки да има независна функција, не прифаќање на амандманот со кој се намалува прагот на вршење на јавни набавки без објавување на конкурс, не одат во насока на она што господинот Николовски го зборуваше, правење на систем за јавни набавки кои во било која Влада ќе овозможи не коруптивни јавни набавки, туку напротив, коруптивно правење на систем кој овозможува криминални и коруптивни јавни набавки кои веќе почна оваа Влада да ги применува, а сега сака да создаде законски предуслови за корупција и криминал во јавните набавки.

Затоа уште еднаш апелирам до парламентарното мнозинство да размисли како ќе се изјасни меѓу другото и по овој амандман од истите причини кои моите претходни колеги ги образложија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Мислев дека во изминатите денови на водење на оваа дебата ќе видиме минимум чувство макар и изглумено, се едно, од страна на пратениците на владеачкото мнозинство дека имаат желба нешто да променат. Кога веќе Владата која де факто им наредува да го прифатат законот, а дефинитивно ваков е лош, барем пратениците едноставно да се запрашаат дека и тие утре задутре ќе бидат на мета дали како личности, дали како претставници на политичките партии кога цехот или сметката од вака лошиот закон ќе се испостави. Како што во изминатите неколку дена имаме желба за минимизирање или заборавање за колективна

амнезија кај сите останати, а се поврзани со случајот ТЕЦ Неготино, така и сега владеачкото мнозинство одбира со молчење или со неконфронтирање освен со дофрлање од место, што е лошо само по себе, да се обиде да го одбрани концептот на Владата.

Јас очекував дека денеска пратениците наместо да се обидуваат да ги ловат како муви во лет некои реченици напишани во весник, што се апсолутно легитимни, дека барем малку од истите извори или макар од врвот на Владата ќе се обидат да ги прочитаат многуте искажани и напишани реченици во Извештајот на Европската комисија кој денеска или пред малку вашиот шеф Груевски го доби од евроамбасадорот Фуере.

Во него ќе видите, а верувам дека доволно добро знаете да ги читате формулациите, да прочитате дека во 99% се спомнати формулациите слаб капацитет, мал прогрес, речиси никаков прогрес, вклучително и за оваа проблематика каде постои одредена формулација дека се усвојува законодавството или легислативата во делот на јавните набавки.

Ако сума сумарум од тој извештај заклучите дека Македонија со ваквата политика доживува уште еден пораз, а тоа е што не доби датум за преговори, веројатно ќе се обидете да се запрашате дали со овој закон макар еден промил или еден процент, сеедно, ќе придонесеме за промена на таа ситуација или ќе ја зацврстиме како факт. Бидејќи овој закон за јавни набавки каков што е сега, ќе биде предмет на следниот извештај на Европската комисија за 2008 година и тој ќе биде нотиран таму. Не само што тој ќе биде нотиран таму, туку пропустите кои ќе бидат направени како резулат на овој закон, ќе бидат соодветно нотирани, како што ќе биде нотиран следната година нотиран случајот со ТЕЦ Неготино, бидејќи завршницата дојде по затворањето на европскиот извештај. Колку некој да се обидува да ги релативизира, одглуми или премолчи работите, тие соодветно ги нотира како што велат претставниците во Владата, тоа е извештајот кој претставува реален и објективен приказ, реален и објективен приказ на катастрофалната ситуација во која се наоѓаме. Не можам да сфатам зошто на ваков закон за кој апсолутно постои не сомневање, отворена врата да предизвика и криминал и корупција и ќе предизвика дополнителен проблем во администрацијата, ќе предизвика дополнителен проблем во судството и на крај во бизнис секторот, да се застапува толку слепо една теза, затоа што е дојден од Владата, тој мора да биде добар.

Да ве потсетам дека токму вашата Влада на два пати ги повлече и измените на постоечкиот Закон за јавни набавки за да во трета мајка, како што велат се обиде да се донесе ваков закон. Изминативе два-три дена лебди дека по 3000 евра се зголеми на 20 илјади евра директната спогодба, се воведуваат одредби кои што овозможуваат на мала врата влегување на фирми со сомнително потекло и со сомнителни услуги или сомнителни производи, за да на крај веројатно бидат избрани и на нож да се дочекуваат без сериозни аргументи сите конструктивни предлози на опозицијата.

Ако ви е овој закон да се брои како завршена работа, сакам да ви кажам дека трчањето по ваквите типови на закони е нотирано исто така во Европскиот извештај каде што т.н. желба искажана пред камерите на една седница на Влада, за која што не добивме одговор колку чини тоа пренесување на седниците на Владата, но тоа е друго прашање, но и на тоа едно шоу на Владата беше споменато дека Груевски и Владата предвреме, во еден забрзан рок ќе ги усвои сите закони. Како резултат на тоа денеска во Извештајот стои дека брзањето да се донесат законите продуцирало закони со слаб квалитет и закони кои што не можа да се спроведат. И овој е таков закон.

Минатата недела се усвои закон каде што педесетина члена се усвоија 20 и повеќе амандмани. Тој закон апсолутно сега е катастрофален, тоа е законот за спречување од радијација и јонизирачко зрачење. Токму затоа и на секој одбиен амандман предложен од страна на СДСМ, апелирам Владата да го повлече овој закон, да го доработи и да дојде во две фази и наместо дебатите за работа кои што сите ги знаат, а некој сака да ги премолчи добиеме сериозно квалитетен текст. Овој лош закон ќе биде еден од серијата на закони кои што ќе влезат во графата закони заради брзање, а со лош квалитет и неспроведливи, ќе влезат во оној чартер каде што се закони кои што овозможиле зголемување на криминалот и корупцијата и закони за кои што нема соодветни институционален капацитет за спроведување. За жал такви има многу, ако продолжи оваа политика, но шансата сега е, кога веќе ги знаеме резултатите, а ни се случуваат по втор пат да не се прават грешките, бидејќи како што кога веќе сакате да цитирате многу новинарски искажани реченици, тоа го направи колегата Николовски, мојот колега Макрадули и тн., кога веќе зборуваме за јавните набавки и продажбата, имаше еден уредник кој што си поставуваше една дилема, дали Владата тука пред се мислам мисли на благајникот Ставрески е наивна, глупава или корумпирана. Со последната одлука, барем по негово мислење, а тука се согласувам, епитетите од типот наивна и глупава се избришаа, остана корумпирана. Во овој момент имаме таква формулација за повеќе работи од кои што најкрупната е ТЕЦ Неготино. Вие самите си ја копате дупката во која што директното спроведување на ваквиот закон за јавни набавки утре ќе направи да дефинитивно за секоја јавна набавка постои епитетот криминална или корумпирана. Јас тогаш не знам како колегите кои што веројатно ќе имаат наредба тоа да го направат, дали ќе биде Николовски, дали Ѓорчев,

или некој друг ќе можат тоа да го бранат, затоа што ќе се испостави, но мене ми е апсолутно ирелевантно за тоа штонекој ќе ја понесе политичката одговорност. Дали во овој случај Ставревски, за кој што не знам дали во овој случај размислува да поднесе оставка или да биде разрешен, или пак во некое догледно време некој друг министер, Рафајловска, некои си кои што размислуваат да учествуваат во тие сектори, бидејќи на крајот како што денес е факт штетата паѓа на цела Република Македонија. Ние имаме сериозно лош и исклучително предупредувачки извештај на Европската комисија. Ако сакате да ни навестувате на денот на објавување на извештајот за 2007 година дека треба да очекуваме таков извештај и за 2008 година, а со тоа во овој момент во еден процент придонесување со еден ваков закон за јавни набавки нека ви служи на чест. Одговорноста ќе си ја платите, нема да бидете на власт, ама штетата ќе ја плаќаат граѓаните како што во изминатата година ипол за жал и се случува. Што побрзо се освестите од тоа дека ароганцијата и математиката во Собранието е резултат сам по себе дека и таа ќе ги регулира проблемите тоа подобро за вас, а на крајот подобро и за државата. Но, мислам дека со оглед на тоа што катастрофалните одредби на овој закон веќе поминаа со гласање, со одбивање на нашите амандмани и со прифаќање на лошите амандмани од Владата, мислам господине претседателе дека со самото продолжување на дебатата се повеќе се заглибува во апсурдноста и дека Владата нема друга опција освен да го повлече овој закон и да достави сериозен нов закон за јавни набавки.

Во него треба да учествуваат експерти, ние ќе ги ставиме на располагање како и до сега сите амандмани, ќе доставиме и други мислења ако бидат побарани од нас како опозиција, но ако Владата е решена да ја научи лекцијата која што ни ја даде Европа во овој момент имаме шанса. Ако таа има зафиста и решава да прима шамари, а кои што понатаму ќе ги реперкуира на судбината на овие граѓани, тогаш имаме сериозен проблем кој ќе мора да се решава исклучиво по политички пат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои сеуште не се во салата да влезат во салата, затоа што не чека гласање.

(Во салата влегуваат некои пратеници).

Пауза до 15,00 часот за ручек.

(Пауза од 13,59 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15.30 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам колегите пратеници да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата, а колегите пратеници да седнат на местата.

Во салата се присутни 62 пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 55 пратеници, 5 гласале за, 1 воздржан, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 154, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик минстер.

Добро е што колегите од владеачкото мнозинство после 40 минути од редовниот почеток на работа на време се собраа. Очигледно треба подолга пауза да давате бидејќи секој ден се покасно и покасно се собира мнозинството. Значи, добро е што почнавме со работа.

Амандманот се однесува на членот 154 и е сличен со амандманот за кој разговаравме претходно и во него во законот се предвидува дека техничката и професионалната способност на економскиот оператор можат да бидат подржани од друг субјект без оглед на правните врски меѓу економскиот оператор и тој субјект. За техничката способност некако може и да сфатиме од негде да изнајмат машини, да им даде гаранција дека ќе им овозможи да ги користат нивните средства за да може некој економски оператор да ја заврши работата. Ама ова професионална способност малку е проблематично од овој закон и при тоа не е предвидено никаква правна врска да постои меѓу економскиот оператор и тој субјект, единствено таа треба да ја докаже подршката со валиден доказ. Нигде не е објаснато што е тој валиден доказ. Дали ќе поднесе договор меѓу нив дека ја дава подршката или некој друг документ. Мислам дека е потребно малку подетално објаснување да даде заменик министерот, затоа што вака како што е напишан овој член не можеме да го протолкуваме добро, исто така како многу други членови ќе создаде тешкотии при спроведувањето на постапките за јавни набавки. Имено, има многу случаеви кога некоја фирма

само ќе може да подготви добра понуда, а потоа ќе не може да ја изврши обврската доколку биде избрана за најдобар понудувач и обично ќе бара некоја друга фирма да се јави како подизведувач или да бара подршка од истата. Ова е нешто слично, иако членот не се однесува на тоа, но сепак во праксата ќе создаде реални проблеми при спроведувањето на постапките на јавните набавки, затоа што не е децидно објаснето што се планира со овој член. Затоа ги повикувам колегите да го подржат амандманот бидејќи на тој начин ќе овозможат законот да биде појасен и да не се случуваат повторно како што зборувавме многу пати досега, ќе се смали една од можностите што ги нуди овој закон за манипулации при распишувањето на постапките за јавни набавки. Апелирам уште еднаш да се подржи амандманот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

И неприфаќањето на овој амандман од страна на претставникот на Владата покажува дека целта што Владата треба да ја постигне со овој закон е сосема нешто различно од она што овде нас ни се декларира. Навистина, не само во овој член туку и во други членови што и претходно ги спомнувавме се манипулира со термини кои што се карактеристка на постапки во кои што нешто се докажува. Оваа постапка за јавни набавки не е судска постапка па да се докажува нешто. На овој начин како што е предвидено со законот. Треба да има строго дефинирани критериуми и правила на игра за да може во таа постапка да се изберат најдобрите понудувачи. Бидејќи не е  како што споменав, не е ова судска постапка во која што некои спротиставени страни нешто докажуваат. И навистина не ми е јасно што ќе се случи во пракса кога секој што ќе поднесе документација, значи некој економски оператор за јавна набавка и ќе смета дека поради одредени други услови што ги исполнува, партиска припадност итн, ќе добие некој тендер, ќе бара поткрепа за својата професионална и техничка способност од страна на други економски оператори. И што ќе се создаде во пракса? Нема да бидат никогаш избирани најдобрите оператори, тие што имаат и техничка и професионална способност, туку секогаш тие ќе бидат некако на маргините и ќе треба да работат за помалку финансиски средства, бидејќи тоа што ќе го добијат за нивниот дел од подршката нема да одговара реално на потребите, ниту пак нема да биде еднаква со износот што би го добиле кога би биле директни добитници на тендерот, директно кога би учествувале, тие секогаш ќе бидат на маргините во сенка, на оние што ги имаат партиските врски и кои што, како што споменав по некои други критериуми ќе бидат бирани во тендерските постапки, а техничка и професионална способност соодветна за да го добијат тендерот ќе имаат и економски оператори кои реално ги немаат таквите карактеристики за да можат да ја исполнат обврската.

Мислам дека добро се разбираме сите што значи ова во пракса, но факт е дека Владата нема чувство ниту за правичност, ниту пак за право кога предлага вакви законски решенија, со цел во пракса навистина да се создаде хаос, а нормално да продолжат кампањите со кои Владата се декларира дека е голем борец против корупцијата, организираниот криминал итн. па честопати сведоци сме за многу други работи дури да изнесува лажни факти од оние што реално постојат, како што еве беше тоа случај во изминативе денови, ќе спомнам само еден пример со нотарските услуги, па во одредени медиуми, се разбира блиски на власта можевме и да слушнеме и да прочитаме дека нотарските услуги за половина се намалиле, а всушност за што станува збор. Станува збор за намалување на таксата за 50%, но ако се земе предвид дека таксата во вкупниот износ на услуги што граѓаните ги плаќаат кога имаат потреба од нотарска заверка се многу минимални, се создава заблуда. Еве, ќе кажам да развеме еден пример како што е нотарскиот акт за кој досега износот што граѓаните го плаќаа при составување на нотарски акти изнесуваше 12,500 денари сега со овие написи што Владата ги дава во медиумите и соопштенија што ги дава испаѓа дека тие би требало да бидат за половина помалку. Но не е така. Наградата за нотарот која  што останува и во иднина иста е 11,000 денари, а 1.500 денари беше таксата и сега ќе се намали за 50% што значи во иднина наместо 12.500 денари граѓаните при заверка односно при составување на нотарски акт кај нотар ќе плаќаат 11.750 денари. Тоа е намалувањето за кое што зборува Владата за 50% помали нотарски услуги.

Тоа е само еден пример почитувани колеги. Има безброј такви примери и манипулации на кои што ние сме сведоци и кои што секојдневно се случуваа. Но за жал проаѓаат во медиумите. Мислам дека почнува да доаѓа времето кога граѓаните навистина ќе бидат свесни за оваа манипулација што Владата ја прави со нив. Еден таков пример е и овој Закон за јавни набавки кој под мотото хармонизација со Европска унија и и закон кој е антикорупциски, барем така е напишано во самиот текст што го имаме, во пракса ќе создаде сосема нешто друго и ќе овозможи најнетранспарентни постапки и апсолутно постапување спротивно на декларираните заложби за борба против корупцијата. Затоа ве повикувам да го подржите амандманот.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 12, нема воздржани, 46 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 157, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 160, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 178, став 1 за бришење на алинеја 5, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа, затоа што во член 190 е дефинирано што се тоа други опфатени дејности. Така што не може да се избрише тука во член 178 став 1 алинеја 5. Дефиницијата за оваа алинеја е дадена во член 190.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор.

Има збор пратеник Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Амандманот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 200, став 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот би го прифатил до колку предлагачот се согласи на една корекција. Имено наместо 20% да стои 30%. .

**Иван Анастасовски:** Значи вие барате да се направи компромис со предлагачот. Во принцип Владата не го прифаќа амандманот.

**Предраг Трпески:** Ако стои 30% може да се прифати.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник Марјанчо Николов, како предлагач на амандманот, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Овој амандман се однесува на дополнителните работи за кои во текот на вчерашниот ден доста се дискутираше. Имавме исто така амандман да остане старото законско решение, дополнителни работи да се дозволат само до 20% од основната вредност на набавката.

Му благодарам на заменик министрот за конструктивноста, меѓутоа, мора да останеме доследни на нашиот став и да не прифатиме процентот 20 да се замени со 30%, затоа што се работи, по овој член, за секторските договори каде се вртат големи средства и се распишуваат тендери за јавни набавки во големи вредности. Значи во овој дел од законот се опфатени јавните набавки кои се вршат во областа на водоснабдувањето, енергетиката, транспортот, поштенските услуги, услугите во врска со истражување на земјиштето заради вадење на нафта, гас или јаглен, или изградба и стопанисување со аеродроми или пристаништа и други терминални објекти на носачи по воздушен или внатрешен воден пат.

Владата предлага овде да се дозволи дополнителните работи да можат да изнесуваат и до 50% од основната вредност на договорот, поради непредвидени околности. Цениме дека вакво нешто не може да стои во овој закон и вакво нешто не може да се прифати затоа што,како што кажав, се работи за огромни суми на пари кои преку овие дејности или јавни претпријатија се трошат во Република Македонија.

Ако земеме само ЕСМ, ЕЛЕМ и МЕПСО, колкави средства за јавни набавки трошат, поготово за изведување на некои големи објекти и ако тука се дозволи до 50% да одат средствата за дополнителни работи, мислам дека тоа е недозволиво, на 1.000.000 да дозволите уште 500.000 евра да ви одат како дополнителни работи.

Во текот на вчерашниот ден се отворија многу дебати по ова прашање. Значи некој ќе поднесе ниска понуда за да го добие, а потоа преку анекс на договори за дополнителни работи ќе извлече уште многу пари за да се заврши тој проект и тоа се работи кај дејности кои по обем се големи и кои во Република Македонија во најголем дел се монополски како што се јавните претпријатија за снабдување со вода, со електрична енергија, поштенски услуги и каде имајќи ги предвид

одредбите од овој закон можат да дозволат да сенаправи тендер каков сакаат и нивни понудувачи да ги добијат тендерите и на крајот уште да се дозволи уште за 50% плус да остварат средства. Мислам дека тоа е недозволиво. Прво, најголем дел од тие претпријатија не може да си дозволат, кога распишуваат тендер, да не предвидат 50% од основната вредност на набавката. Прво сите тие стручњаци таму не можат да си дозволат тоа да се направи, или договорниот орган да може да ја промаши проценката на вредноста за 50%. Не знам што би се случило при изведувањето на работите за 50% да не можете да предвидите што дополнителни работи ќе се изведат.

Навистина, добро е што во законот се регулира секторски овој сегмент од работењето на јавните претпријатија, но овој член од законот отвора најголеми можности за корупција, злоупотреба на средстата, да не зборуваме дека веќе за ТЕЦ Неготино со претходниот Буџет Владата обезбеди 13 милиони евра без никаков тендер, или за некои други проекти, за осигурувањето во ЕЛЕМ каде 5 милиони евра поминаа без тендер. Сега се отвараат уште многу, многу можности за злоупотреба со 50% дополнителни работи.

Бидејќи сме на крајот, ова е последен амандман, апелирам до колегите пратеници барем овој амандман да го изгласаат и да оневозможат да се врши злоупотреба на средствата. Ако една од главните пароли на ВМРО-ДПМНЕ за изборите беше дека ќе се борат против корупцијата, еве им конкретна можност со гласање на овој амандман и практично да покажат дека се за тоа, а не само да водат кампањи дека водат борба против корупцијата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има реплика заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Мислам дека немаше потреба толку да се образложува . Јас сакав компромисно да го решиме ова врз основа на еден амандман што вчера го имаа поднесено истите предлагачи.

Јас повторно би го замолил предлагачот да се изјасни длаи би прифатил она што ја сго предложив, место 20% да стои 30%, принципиелно така како што одлучивме вчера, така би било и сега. Ако го прифатат тоа јас веднаш ќе го прифатам амандманот, така како што го предложив.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Сепак за тоа треба да каже предлагачот на амандманот.

Повелете, една минута контра реплика за господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Не можеме да ја прифатиме понудата од заменикот министер затоа што се работи за големи средства кои без овие дополнителни работи се големи. Земете само дека за 200 милиони евра може да се увезува електрична енергија во Република Македонија и сега на тоа додадете 50% дополнителни работи или услуги, уште 100 милиони евра без основен договор каде има можности за злоупотреба. Навистина не може тоа да се дозволи во законот, а и во текот на вчерашниот ден дискутиравме дека не е добро да се зголемува процентот, иако заменикот министер ни објаснуваше, но до 50% е максималниот. Ние мислиме дека 20% е доволно.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани пратеници, во овој оддел во глава 9 од Предлог законот за јавни набавки се предвидени секторски договори односно дејности во кои се доделуваат секторски договори се водоснабдувањето, енергетиката, транспортот, поштенски услуги и други дејности.

Јас би сакала да дадам краток осврт на енергетиката.

Дел од енергетиката е набавката на струја, увозот на струја.

Факт е дека на полето на енергетиката нашата Влада работи многу лошо. Факт е дека сме на прагот на зимската сезона, а дека Македонија нема набавено струја за оваа зима. Непобитен факт е дека македонската индустрија, македонските домаќинства не можат без струја да го поминат зимото. Ако продолжи вака би имале прекини во снабдувањето, рестрикции.

Со членот 200 со ставот 2 се предвидува вкупната вредност на дополнителните работи или услуги, од ставот 1 алинеја 10 од овој член, не смее да надмине 50% од вредноста на основниот договор. Дали на овој начин, како што кажа претходниот предлагач на амандманот колегата Николов, предвидувате да ја набавите струјата за сезоната 2007-2008 година со 50% надминување на претходниот договор. Значи ако минатата година сме имале договор на 200 милијони евра увоз на електрична енергија, уште 100 милиони евра за оваа зима и повторно фирмите од семејството, ќе има и слични без тендер, повторно директорот на МЕПСО, Здравев, повторно набавка во четири очи и трошење на 100 милиони евра народни пари за да имало струја оваа зима.

Не убедувате да прифатиме наместо 50%, наместо 20-те % предложени во нашиот амандман и 50-те% предложени во законот, 30% средина, да се поценкаме овде. Не. Јас очекував од заменик министерот за финансии кој е присутен денес овде, да ги демантира нашите факти дека зимово со дирекна спогодба, во четири очи ќе се набавува струјата за Република Македонија односно ќе се купува за 100-тина милиони евра во договор во четири очи. Наместо тоа од претставникот на Владата добивме понуда да прифатиме 30%, како штопишувало во претходните членови од законот, за дополнителни работи. Значи ви упатувам прашање господин заменик минситер, дали согласно овој член,

членот 200 и претходните од главата 9, ќе набавувате зимово електрична енергија во вредност од милиони евра, во четири очи, без тендер.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Јас реков дека вчера членот за кој дискутиравме дека е дозволено со анекс да се додаваат 20% за билокоја јавна набавка на оној кој го добил тендерот, води тесна борба за најкорумпиран член со членот 200 за кој сега имаме поднесено амандман. Како работи Владата, најдобро одговори заменик министерот дека не направиле некоја анализа кога го правеле овој закон, не се повеле од некои принципи или досегашни пракси, туку предложиле 50%, па потоа вчера ког аукажавме со десетина аргументи зошто е лошо за било која јавна набавка разликата во анексот да биде 20%, а ќе се согласите дека сит епонудувачи или во најголем број од случаи ќе влезат во 20% разлика, ќе ги направи или ќе ги легализира сите оние активности што сега ги врши Владата. Затоа Владата без да има некоја поопстојна анализа, дава предлог до 50% да може со анекс да си додадат пари на компанијата што го добила тендерот, врз база на дополнителни работи или услуги што ќе ги направи.

Госпоѓа Верица Филипова зборуваше за енергетиката. Истите овие работи, бидејки овие се секторски, важат и за танспортот, важат и за поштенските услуги. Но ова што ќе се случи со енергетиката ќе биде на совест на парламентарното мнозинство, бидјеки Владата од поодамна знаеме како работи, да не се спречи барем еден од шесте најкоруптивни членови што овој закон ги нуди.

Со одбивањето на овој амандман, а со изгласувањето на законот, само ќе легализираме еден огромен бизнис што во овој момент го вршат 2-3 луѓе во Република Македонија, на штета на сите граѓани. Целото брзање за носењето на овој закон не е ни Европската унија, бидејки Извештајот, еве го имаме на маса, туку само остварување или давање на бизнис на МЕПСО да може да увезува струја во четири очи. Неверојатно е при планирањето или при постапката за доделување на секторски договори за кои Владата треба да има обезбедено Буџет, самата да предвиди дека разликата за додадени услуги кои може да се случат, се дури до 50%, што практично занчи дека ниту имаме добро планирање, а со исклучувањето на Бирото за јавни набавки како контролор на одредени активности, практично ќе си легализираме и текако уносен бизнис што во овој момент ВМРО-ДПМНР преку одредени членови го прави во делот на увозот на електрична енергија.

Никој не се секира како е можно денеска на 6 ноември никој не зборува како или зошто сеуште на 6 ноември немаме распишано тендер за увоз на електрична енергија. Како ќе го извршиме тоа? Ќе го извршиме така што парламентарното мнозинство ќе го изгласа овој закон во кој секторските договори можат до 50% да се договараат со добавувачот, ќе го направи тоа со непосредна спогодба, законот нуди шанса за 4 милиони евра тоа да го направи, ќе го образложи со итноста на 1 јануари да имаме електрична енергија сите и фамилијата ќе си натовари уште некој милион на своето конто.

Неизгласувањето на овој амандман, а гласањето на законот, само ќе ја потврди определбата на оваа Влада преку МЕПСО да увезува струја во четири очи и за тоа да плаќаат сите граѓани на Република Македонија.

Останува на совеста, ќе дискутираме или ќе зборуваме и во минатото, ќе зборуваме и во иднината за ова, парламентарното мнозинство ќе се реши да легализира вносен бизнис во кој ќе нема да учествуваат и ќе бидат само неми посматрачи на богатењето на 3-4 луѓе од ВМРО-ДПМНЕ.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, само накусо.

Мислам дека амандманот не се однесува за увоз на електрична енергија, но без разлика на се, заменикот министер предложи наместо 50%, како што стои во Предлог законот, да се намали на 30%, а амандманот е на 20%. Мислам дека е подобро да биде 30% отколку 50%. Доколку предлагачот на амандманот процени дека е во ред тоа што го предлага заменик министерот, подобро е да го прифати, да се направи компромис отколку да остане решението содржано во самиот Предлог на закон.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Би сакал да реплицирам во делот, ако парламентарното мнозинство го прочиташе законот знам дека ќе ги гласаше амандманите или ќе ги поддржеше амандманите на опозицијата, но, за жал, не го читаат законот само притискаат, во зависност од тоа дали се амандмани на црвеното копче или ако е за законот на зеленото копче.

Членот 178 ги дефинира дејностите за кои се доделуваат секторски договори, тоа се водоснабдување, енергетика, транспорт, поштенски услуги. Во неколку члена е објаснето како ќе се изврши набавка на електрична енергија.

Затоа му укажувам на пратеникот Трајанов нека го прочита законот, нека го поддржи нашиот амандман, ќе биде многу подобро за Република Македонија ако ставиме барем една рамка на веројатно најкорумпираниот закон до сега што е донесен овде во Собранието. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Јас по втор пат се јавувам по истиот амандман, бидејќи мојата прва дискусија беше всушност прашање до претставникот од Министерството за финансии дали со овој закон, со Главата 9 за секторски договори уште повеќе и со овој член од законот ќе овозможиме набавка на електрична енергија без тендер, склучување на договори во четири очи за милионски суми евра.

Фактот дека претставникот на Владата не се јави, ја потврди мојата констатација и констатацијата на сите претставници на СДСМ дека со овој закон, со овој член легализираме трошење на милионски суми евра, набавка на струја, увоз на струја без тендер во четири очи.

Господинот Павле Трајанов кој најде за сходно да протолкува што предвидувал членот, мислам дека не беше во право. Впрочем, најновите и последните случувања во енергетскиот сектор во кој од колачот од увозот на струја бара и Чингоски за себе, во кој и ЕЛЕМ бара право да увезува електрична енергија за зимата 2007-2008 година потврдуваат дека од тој многу вносен бизнис би сакале да нема само за МЕПСО и за Здравев, туку дел да има и за Чингоски и ЕЛЕМ. Ќе ја видиме разврската каква ќе биде. Меѓутоа, не очекува тешка зима, не очекува несигурна зима со снабдување на пазарот со електрична енергија и со струја, уште повеќе и поради тоа што македонските централи, македонските енергетски објекти предвидуваат да работат со намален капацитет претстојната зима. Замислете каква иронија, ги испразнија хидроцентралите, ќе купуваат струја во четири очи, а ТЕЦ Битола и ТЕЦ Осломеј ќе работат според електро енергетскиот биланс, кој, пак ќе повторам, не според инсинуации, претпоставки, туку според факти, според предложените бројки ќе работат со намален капацитет. Нека ни е на здравје парите на граѓаните кои ви дадоа доверба на 5 јули 2006 година трошете ги, меѓутоа, последиците ќе ги трпат, за жал, цела Македонија и нашите граѓани. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги замолувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме на гласање.

Бидејќи во салата има 61 пратеник амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 55 пратеници, за гласале 7, двајца се воздржаа од гласање, 46 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Бидејќи завршивме по амандманската расправа и сме пред усвојување на законот за јавни набавки, би сакал да кажам неколку клучни забелешки што ние како опозиција ги имавме по однос на овој закон и кои ќе останат како неправилности или недоволно правилно формулирани членови во овој закон кои ќе овозможат големи можности за криминал, корупција и незаконско трошење на парите на граѓаните.

Најпрвин би сакал да кажам дека она што Владата не прифати и владеачкото мнозинство Бирото за јавни набавки да се осамостои како орган надвор од Министерството за финансии и да може да дејствува како самостојно тело чиј директор ќе го избира Собранието на Република Македонија е првата и основна слабост и недостаток на овој закон. Бирото за јавни набавки имаше главна контролна улога по однос на стариот закон поготово кај спогодбите во четири очи односно непосредното преговарање кога мораше да се бара согласност од Бирото за јавни набавки.

Сега во овој закон таа потреба е избришана, Бирото за јавни набавки се сведува на обичен административен орган кој само ќе собира информации, договори, рекапитулари и ќе изготвува извештаи без да има некаква конкретна улога. Сметаме дека ова законско решение е најлошо и со тоа се отвораат можности, согласно одредбите од законот, да се вршат големи неправилности при спроведување на постапки за јавни набавки.

Можноста месечно до 500 евра да се набавуваат стоки и услуги без да се објави тендер исто така е уште една можност во овој закон со кој ќе се создаваат предуслови за незаконско трошење на парите и тоа без ДДВ, значи на годишно ниво секој буџетски корисник - јавно претпријатие, ќе ја подели набавката на 12 месечни набавки и до 6 илјади евра ќе одлучува како сака, на кого сака и од каде сака да набави одредена роба.

Можноста услугите до 20 илјади евра да се набавуваат само врз основа на прибирање на понуди исто така создава предуслови за незаконско трошење на парите и за зголемување на нивото на корупција во Република Македонија.

Ако основната интенција на овој закон беше да не приближи до Европската унија со можностите кои ги остава во делот за корупција ќе не оддалечи далеку од Европската унија, бидејќи, ако сега имаме пофални зборови со примената на овој закон значително, кога ќе почнат да се разоткриваат аферите на јавните набавки, ќе се оддалечиме од Европската унија во делот за борба против корупцијата.

Можноста да се зголеми цензусот за набавка со прибирање на три понуди од три на пет илјади

евра е исто така неповолна законска одредба со која се создаваат предуслови за корупција. Тоа е огромна сума на пари ако се земат во предвид сите буџетски корисници.

Можноста дополнителните работи да се зголеми процентот од 20 на 30% во услови кога најголем дел од тендерите ги добиваат фирми - фирма човек, без притоа да можат да ги исполнат основните критериуми од тендерот, без притоа да поднесат валидни документи дека имаат и техничка и економска способност, дека за своите работници ги имаат исплатено сите лични доходи, дека го почитуваат работното време, дека им обезбедиле соодветни услови за заштита исто така создава предуслови за корупција.

Во делот на секторските договори, дополнителните работи си ги зголемува Владата до 50%. Огромни суми на пари се вртат во овие сектори Електростопанство, водостопанските претпријатија, претпријатијата за снабдување со вода, поштенски услуги итн. Ова е уште една можност да добиете договор од милион евра, а потоа врз основа на дополнителни работи да земете 1,5 милиони евра без притоа никој да ве контролира.

Членовите во кои е дозволено само еден понудувач да биде доволен да се врши евалуација на понудите и да се определуваат понудувачи, веќе видовме во пракса што значи тоа за земјиштето кај Рамстор, за хотелот во Охрид, а за ТЕЦ Неготино допрва ќе се покаже дека можноста повеќе понудувачи без притоа да се знае кој од нив какви документи треба да достави се исто така можности за корупција.

Владата со овој закон си ги легализира сите оние корупутивни настани кои досега го одбележаа нејзиното владеење. Но, останува на совеста, на нас како пратеници кои треба да го стиснеме копчето за гласање на законот, да размислиме уште еднаш дали ќе поддржиме ваков закон, дали ќе овозможиме и понатаму на незаконски начин да се трошат парите на граѓаните или ќе и дадеме шанса на Владата дел од овие одредби од законот кои се неправилни и создаваат можност за корупција да ги исправи.

Жал ми е што претставникот на Владата недоволно учествуваше во дебатата и не прифати некои од посуштинските амандмани и мислам дека ваквиот закон не е добар во овој момент за Република Македонија и дека неговата практична примена од 1.1.2008 година ќе создаде многу проблеми и во делот на економската борба, развивање на конкурентноста меѓу економските оператори, а исто така и во делот на функционирањето на јавните институции кои се финансираат со пари на граѓаните.

Затоа ги повикувам колегите пратеници уште еднаш да размислат пред гласањето за овој закон.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Ќе бидам сосема краток.

Ја користам оваа ситуација да го искажам својот став.

Денеска носиме закон со европски предзнак. Исклучително важен закон кој треба да регулира многу осетливи процеси кои и во минатото и во иднина ќе се одвиваат и се можности за незаконски дејствија и како држава постојано ќе бидеме под лупа на меѓународната заедница како се имплементираат овие законски решенија и кои законски празнини се оставени во законот и овозможуваат под плашт на законот да се прават тие незаконски дејствија.

Навистина дебатиравме долго, навистина предизвикавме замор и незанимливост во дебатата, но имајќи предвид колкаво е значењето на овој закон, какви се одредби постојат во овој закон и колку контрадикторности има во одредени членови кои работат на една иста проблематика и ќе предизвикаат дуализам или различно толкување кај чинителите кои треба да го имплементираат овој закон, заслужуваше ваква дебата.

Јас не можам да се начудам на слабиот интерес што постои кај парламентарците, бидејќи навистина станува збор за клучен закон. Во иднина за корупцијата, за можните злоупотреби ќе се базираат врз имплементирање на овие законски решенија.

За жал, тоа е наше мислење, тоа е наш впечаток, дај боже времето да не демантира. Не станува збор за добро конципиран закон. Се обидовме преку долгите дебати, аргументи да го објасниме тоа, немаше одговор во поголемиот дел на случаи од спротивната страна. За жал не успеавме да развиеме дијалог или спротивставени мислења по одредени законски решенија. Јас го искажав тој став. Тоа заклучува на неколку претпоставки или законот е работен од повеќе правници кои меѓусебно не се усогласиле во текот на работењето, се разбира министерот и заменик министерот, лица кои ја претставуваат Владата и во владината процедура и пред собраниската процедура, не се правни лица и не успеале до крај да ги сватат објективно контрадикторностите кои постојат кај одредени членови и можности за недоразбирања и ние не добивме уверливи одговори дали е правно издржано и како тоа ќе се имплементира во пракса.

Се разбира тоа кај нас отвора сомневања дека или е тоа намерно направено со одредени претпоставки да се отворат одредени матни зделки во идното практицирање, притоа јас не мислам да обвинам некого, едноставно во процесот на јавните набавки имате вклучено многу правни субјекти, индивидуи од кои тешко се контролира процесот.

Лично за мене и за пратеничката група на СДСМ беше разочарувачки зошто не успеавме заеднички да го доловиме моментот на Бирото за јавни набавки да му дадеме статус на посамостојна институција која ќе ги контролира овие процеси, за жал, ќе остане уште во рамките на Министерството за финансии и сеуште ќе трпи директни и индиректни притисоци во делот на делокругот на нивното работење.

Ако ги прашате министрите, зборувам за парламентарното мнозинство, ќе ви дадат најголем дел од забелешките на временската рамка за реализација на јавните набавки.

Не зборувавме во овој закон, ниту пак нешто се разгледуваше во овој закон. Тие ќе се пожалат дека предолги се, особено во делот на распишување на меѓународни тендери. За жал ние не поседуваме доволен административен капацитет, јавните институции кои што ги вршат припремите на јавните набавки да вршат соодветно планирање на министерствата, создавање на динамика на трошење на средствата за да можат навремено да се имплементираат одредбите од овој закон за јавни набавки. Тоа како негативно се согледа и во минатото, не ги послушавте нашите совети кои што како искуства сме ги извлекле од имплементацијата на старото законско решение, но тоа е, да не употребам потежок збор, тоа е недостиг на воспоставување на политички дијалог. Тоа е чист пример на непостоење на политички дијалог во Парламентот, бидејќи треба да излегуваме со аргументи, со ставови, да дебатираме по однос на тие аргументи, се разбира дека парламентарното мнозинство го има завршниот збор, надгласувањето, но и одговорноста за таквите варијанти.

Јас ви тврдам дека не станува збор за добро законско решение. Би посочил неколку контрадикторности, значи, ќе посочам повторно неколку членови кои што се дискутабилни. Дискутиравме за членот 34 и членот 35 кои што не ги ставате во подеднаква уставна позиција чинителите. Значи, џабе постојат комисии за јавни набавки, кои што ги рангираат, бидејќи и оние кои што се исфрлаат од процедурата и оние кои што остануваат во процедурата на крајот поднедкаво остануваат на списокот на конечен избор на министер или директорот на јавната институција кој што по закон го дава завршниот збор кој ќе го добие тендерот. Не е добро решението и остана со надгласување.

Ама, ако го гледате членот 137, имате директна контрадикторност со која што вршите, значи за консултантски услги има посебна комисија која што ги врши евауционите процеси или оценување на техничките способности на тие кои што ги даваат услугите, врши елиминација, а од друга страна членот 34 спречува секаква елиминација, бидејќи сите остануваат под ист параван. Ќе имате големи потешкотии при имплементација, при тоа го посочувам бирото за јавни набавки, подразбирам дека е стручно тело и кое што ќе има страшни проблеми за следење на процесот.

Дадовме амандмани во кои што додадовме надлежности на Бирото за јавни набавки до крај да ги следи процесите, да добива извештаи за реализација на тендерите особено во делот на фамозни анекси на договори кои што се случуваат. Не го послушавте тоа, ја зголемивте рамката од 20 на 30% од основните средства за можност на склучување на анекс на договор.

Во делот на енергетиката, водостопанството и другите услужни дејности до 50% го зголемивте тој дел. Тоа е можност за голема корупција. Не ви кажувам дека министрите ќе ја вршат таа корупција, сите оние, и во пониските ешалони кои што ќе бидат вклучени ќе им бидат достапни информациите ќе може да тргуваат со информациите на црниот пазар. Ќе кажуваат до можните понудуважи кои се не финеси постојат и како можат да ги заобиколат тие работи, а се разбира, дека тоа се наплаќа. Тоа постои господа во Македонија. Постоело, постои и ќе постои. Нашата работа беше да ја намалиме можноста рамката тоа да се намали во помал процент, во помал размер и во таа насока треба да се сфати оваа долга дебата за овој исклучително важен закон.

Не се успеа до крај, јас можам да го искажам своето жалење дека ние не сметаме дека е овој добар закон и затоа не можеме да дадеме позитивно мислење за тој закон иако имаме некоја морална обврска дека треба да го донесеме, барем за европските закони, бидејќи е со европски предзнак да се даде предност. Сметаме дека можноста за корупција и времето многу брзо или ќе го потврди тоа, или ќе го демантира ова наше тврдење. Главните проблеми допрва следуваат, Господ нека ни е на помош на сите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам предлогот на текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласаме ги замолувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат, затоа што ќе пристапиме на гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Ги замолувам колегите пратеници кои се надвор од салата за да пристапиме кон гласање.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои 54 гласале за, еден воздржан и осум против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за јавните набавки.

**Минуваме на точката 7. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за транспорт и врски.

**Скендер Палоши:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Законот за просторно и урбанистичко планирање е донесен во почетокот на јуни 2005 година, така што од досегашната негова примена се укажа потреба од изенување и дополнување на одредени одредби.

Со оглед на тоа дека при донесување на законот за просторно и урбанистичко планирање во Собраниска процедура беа усвоени голем број на амандмани во Законот постојат одделни контрадикторности и недоречености на одделни одредби.

Со измените и дополнувањата на закон се предлага лиценците за изработка на урбанистички план да ги издава органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, а овластувањето за носителите на овластувањата на урбнистички планови да ги издава комората.

Имајќи го во предвид досегашното искуство во поглед на процедурата на донесувањето на урбанистичките планови се оцени дека е неопходно да се нормираат одредени обврски кои треба да ги почитуваат општините во поглед на почитување на процедурите за донесување на плановите кои се утврдени со законот односно роковите за отпочнувањето на урбанистичките планови до нивно усвојување.

Значи, се предвидува постапката за донесување на планови да биде временски ограничена.

Ова исто така и заради бавноста во процедурата на донесување на урбанистичките планови и нивното изменување, а што во одделни случаи претставува кочница за реализирање на значајни инвестиции за Република Македонија, причина за изменување на Законот се и долгите рокови кои се предвидени со постојниот закон, поради што со измените и дополнувањата се утврдуваат пократки рокови.

Една од причините за изменувањето и дополнувањето на законот е и потребата за прецизирање на случаите во кои се предлага и се донесува урбанистички проект со кој се врши урбанистичка разработка на просторот за градби кои се вонпланските опфати на урбанистичките планови, а се во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Со измените и дополнувањата на законот се предлагаат и прецизни одредби во делот на постапката за издавање на решение за локациски услови односно се прецизираат доказите кои треба да ги приложи барателот на решението.

Со предложените измени и дополнувања со членовите 1, 2, 3 и 4 од пределогот на целосен и соодветен начин се дефинираат поимите што го имаат значењето на овој закон и се врши усогласување со Законот за заштита на културното наследство.

Исто така, се укажа и потребата од прецизирање на содржината на урбанистичките планови, како и пропишување на одредби во кои што се имплементираат и обврските кои ги создале други закони, а и кои се однесуваат на оваа материја.

Ваквите усогласувања се извршени во предложените членови 3, 4, 5, 6 и 7, како и во членот 22 од Предлогот на законот, како и во одделни одредби од други членови.

Со членовите 7 и 8 од Предлогот на законот се пропишуваат обврски за содржината на графичките прикази на текстуалниот дел што треба да го содржи урбанистичкиот план за вон населено место, како и содржината на документационата основа на планот.

Имено, со предлогот се предлага во планските решенија на урбанистичките планови да се урдуваат условите за градење само за градби кои ќе се градат по донесување на планот и дека не може да се утврдуваат услови за градење со кои се врши вклопување на градби во планот кои пред отпочнување на изработка на планот биле изградени или почнале да се градат спротивно на важечкиот урбанистички план.

Овде треба да се напомена дека за оваа категорија на објекти, се работи за Законот за легализација на објекти кој веќе е во Нацрт верзија.

Со Предлогот на законот се предлага уредување на прашањата за начинот на изработување на урбанистички планови за остварување на инвестиции од поголемо инвесетиционо значење на Републиката, така што заради отстранување на пречките во овој поглед се дава законска можност Владата на Република Македонија да донесува програма за приоритет за изработка на урбанистичките планови и тоа по Предлог на надлежното Министерство за уредување на просторот.

Во оваа постапка се вклучени општините и градот Скопје кои треба да се произнесат со нивно мислење за прифаќање на програмата во делот кој се однесува за нивната општина, а финансирањето на оваа програма би било од Буџетот на Република Македонија, Буџетите на соодветните општини и Градот Скопје, како и од

донации од заинтерсирани правни и физички лица.

Програмата што ја носи Владата за изработување на урбанистички планови би имало можност да ја финансираат заинтересирани правни и физички лица чии што програмски барања би требало да бидат прифатливи за општините и градот Скопје.

Со предложените измени исто така се предлага измени во членот 18 од Постојниот закон за просторно и урбанистичко планирање, со кој на прецизен начин се планираат условите што треба да ги исполнуваат лицата изработувачи на урбанистички планови.

Начинот и постапката за добивање на лиценца и овластувања, како и важноста и обновувањето на истите.

Со Предлогот за изменување и дополнување на законот се укажа за потребно да се прецизираат случаите со кои се предлага да се донесува урбанистичкиот проект со кој се врши урбанистичка разработка на просторот за градби кои се вон планските опфати на урбанистичките планови, а се во согласност со просторниот план на Република Македонија, така што во законот е изработено во кои случаи и во која постапка се донесува урбанистичкиот проект, а во кои случаи просторот се разработува со архитектонско урбанистички проект.

Со измените и дополнувањата на законот се предлагаат прецизни одредби во делот на постапката за издавање на решение за локациски услови односно се прецизираат доказите кои треба да ги приложи барателот на тоа решение.

Имено, во постојниот член 52 став 3 таксативно се наведени доказите што треба да се приложат во постапката за добивање решение за локациски услови.

Согласно проектот регулаторна гилотина и прописи значајно е да се потенцира дека со предложените измени и дополнувања се врши скратување на роковите во делот на постапката на носењето на планови, така што и општините и државните органи должни се обврските да ги исполнуваат во пократки рокови согласно овие измени.

На овој начин се  цени дека постапката за донесување на планови ќе биде поефикасна, а се со цел за побрзо и порационално остварување на интересите на сите субјекти чиј интерес е уредувањето на просторот за изградба на објекти.

На крај треба да се напомене дека со измените и дополнувањата на законот неопходно беше да се изврши и усогласување со внесување на казнените одредби од Законот со Законот за прекршоците.

(со седницата продолжи да претседава потпретседателот Бесим Догани)

**Бесим Догани:** Благодарам господине Палоши.

За збор се јави господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседатателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Дозволете ми во мојата дебата во врска со Законот за просторно планирање да ја започнам со вашата програма, на Министерството за транспорт и врски каде што стои “со овој Предлог на закон ќе се изврши прецизирање и доуредување на одредбите кои се однесуваат на урбанистичкиот проект, допрецизирање на одредбите за постапката на ревизија и условите за вршење на ревизија за изработка на урбанистички планови, добивање на лиценци и овластувања, како и усогласување на казнените одредби со Законот за прекршоци од 2006 година”.

Тоа е цитат од програмата за работа на Министерството за транспорт и врски.

Исто така, предлагачот напишал и дека причините заради кои се предлага донесувањето на овој закон била и потребата од планирање на просторот заради создавање услови за влез на странски инвестиции.

Ако тоа биле причините за донесување на овој закон односно изменување и дополнување на Законот се прашувам зошто тоа не е направено. Навистина почитувани колеги колку и да сака некој од нас да го поздрави донесувањето на еден ваков закон, кој, патем речено требало според агендата на Министерството за транспорт и врски да се донесе во февруари, а не во ноември о.г., не ќе може тоа да го направи. Се согласувам со сите оние кои што велат дека на овој закон тешко може некој да даде оценка. Оценка за предложениот закон не може така едноставно да се донесе од проста причина што сите оние кои што и малку ја разбираат оваа материја знаат дека токму овој закон е прв закон во низата на закони кои ги предложи Министерството за транспорт и врски и со кои требаше дел од проблемите со кои што се соочуваат архитекти и градежници да ги среди понудените решенија да бидат согласно сегашните потреби.

Меѓутоа, сите знаете што се случи од понудените решенија од законите, ја фрапираа македонската јавност. Понудените решенија и во овој закон и во Законот за градежно земјиште се пишувани или се однесуваат како да се работи за некоја туѓа земја, а не дека ќе се применуваат во Република Македонија.

Ако гледаме процедурално овој закон е првиот елемент на урбанизмот и на градежништвото воопшто. Следниот закон или следниот елемент во овој систем е Законот за градежно земјиште, по него е третиот, а тоа е Законот за градба или за градење, по него ќе следува Законот за домување, Законот за комунални дејности и да не набројувам.

Оттука, сосема нормално е дека во право се сите оние кои што легитимно, јавно се прашуваат

зошто Министерството го меша носењето на овие закони. Одговорот е многу едноставен, општо познат, длабоко во јавноста се дебатираше во Република Македонија и нема потреба јас повторно да го потенцирам.

Почитувани колеги, ако Законот за урбанистичко и просторно планирање е прв во низата закони од оваа сфера, кој треба да го испланира и да го уреди просторот, Законот за градежно земјиште ги уредува и решава имотно правните односи, додека пак третиот закон, кој што е во собраниска процедура, е Закон за градба, односно за градење. Значи, за да се изгради нешто треба некој претходно да планира, претходно да ги реши имотно правните односи, а потоа да отпочне со она што му била целта или намерата.

Владата, односно Министерството веројатно од некои свои причини одлучиле тој редослед да го сменат, да го испревртат и нормално на тој начин да го прошират можеби и така лошиот урбан и градежен хаос кој што го имаме во државава. Ако овој систем на закони не функционира, а не функционира, Владата е должна ваквиот неред да го среди и да не дозволи негово ширење односно да спречи, условно речено, овој нерегулиран простор, кој јавната администрација знае и тоа како да го искористи, особено онаа определената, инаку државната и општинската администрација, сосема сеедно, без разлика на нејзиниот капацитет и независност, си ги префрлаат и ден денес работите една на друга и ќе продолжат, верувајте, со тој тертип на работење и функционирање, ако го усвоиме овој Предлог-закон. Само тие што започнале со градба на некој објект можат да знаат и вистински знаат што навистина се случува во пракса кога ќе дојдете пред некој шалтер на општинската или владината администрација.

Почитувани колеги пратеници, овој пакет на закони кои се во собраниска процедура, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за градежно земјиште, Законот за градба ако ги анализирате, ако ги прочитате, ќе видите дека немаат врска еден со друг. Едноставно кажано, колку и да се труди човек да ги поврзе, не може да го стори тоа, а искрено не знам зошто е тоа така.Претпоставувам дека можеби е така, заради тоа што се пишувани од различити луѓе. Меѓу овие закони, почитуван заменик министер мора да има поврзаност. Мора тие помеѓу себе да бидат компатибилни еден со друг и вака, верувајте ми, како што се направени предлозите, не постои ни минимум врска, синергија помеѓу нив и нормално е што тие не можат да функционираат.

Денес, ние гледајќи го сето ова, треба или да премлчиме и да речеме, да, добар е законот и да гласаме за се разбира, или пак можеби воопшто да не зборуваме. Меѓутоа, јас и на Комисијата кажав дека има потреба во Република Македонија од носење на ваков закон. Меѓутоа, затоа тогаш реков треба да се поддржи, треба да се донесе за да ги поправи грешките на постојниот Закон, а не да ги мултиплицира. Притоа, ни на крај памет не ми паѓаше дека гледајќи ја оваа сфера комплексно како една сложена и важна целина, некој да си дозволи вакви решенија или ваква неусогласеност помеѓу себе.

Затоа, имам еден предлог до вас, почитуван заменик министер, како овластен предлагач на овој закон, мислам дека е време да покажете компромис, време е да покажете доблест и лошите понудени решенија сами да ги промените. Имам предлог и тој ќе го кажам на крајот од мојава дискусија, меѓутоа да скратам и да не должам многу, почитуван пратеници, верувајте дека целиот тек на измени на законот за урбанистичко и просторно планирање ќе го поддржам, тоа е мојот предлог, доколку предлагачот ги отстрани сериозните дефекти на неколку члена во законот, особено ако самиот ги исфрли коруптивните елементи кои што, не знам кој и не знам со која цел ги ставил и постојат во овој закон. Напоменувам дека до колку остане ваквиот предлог како што е сега и истиот се изгласа, она што можам од оваа говорница да го кажам сигурен сум и убеден сум, да не речам гарантирам дека законот ќе биде оспорен и дека Уставниот суд ќе го поништи. Ние често пати знаеме, а и предлагачите на законот знаат да кажат дека вршиме хармонизација на нашите закони со оние од Европската унија. За да го направиме тоа ние мораме прво да направиме усогласување на нашите домашни закони, а потоа истите да ги усогласуваме со директивите на Европската унија. Нормално, секој оној кој што ги предлага овие закони во собраниска процедура, требало да си го постави прашањето, како овие прашања се решаваат во развиените земји и како се решава овој проблем. Не мора да одиме понатаму, да го земеме примерот на Хрватска и на Словенија, кои многу често знаеме да ги потенцираме, да се споредуваме со нив, особено за вакви или слични закони. Таму, почитувани колеги пратеници, да не се случува она што ни се случува кај нас, овие земји сите три закони, да не речам пет, кои што ги напомнав ги спојуваат во еден. Токму затоа Република Хрватска има, почитуван заменик министер, позитивна оценка од Европската комисија, а Република Македонија има негативна оценка. Затоа е спомнат во Извештајот и законот за градежно земјиште, како и другите закони за кои што се надевам во некоја друга прилика ќе зборуваме. Мислам дека тоа е само еден практичен пример кој кажува во која насока се движи Република Македонија односно како и на кој начин гледаме на работите кои што се сериозен проблем кај нас. Навистина, дозволете ми само накратко да дадам неколку аргументи, за кои што се надевам предлагачот најдобронамерно ќе ги прифати и ќе ги промени, заради тоа што овие аргументи за овој закон, доколку се променат мислам дека постои реална шанса да не биде поништен. Не можам, иако на многу прашања кои што имав многу средби овие денови да одговорам кој всушност стои зад

ваквите закони и каква е нашата намера или цел. Еве, да не должам многу, почитуван заменик министер, ќе спомнам само неколку членови за кои што очекувам вие сами да ги предложите и да ги промените, како би можеле заеднички да ги прифатиме и овој Предлог-закон кој што веќе е спомнат. Тој претставува основна рамка во синџирот на закони за кој што во наредните денови или недели ќе зборуваме во ова Собрание.

Во членот 11 став 1 каде што се зборува за професионалната комора, повторно со овој член и се одзема надлежноста за издавање лиценци за правни лица изготвувачи на урбанизтички планови и таа повторно се враќа во министерството. Мора сите да признаеме дека е еден процес кој што не води напред, туку напротив не води назад, заради тоа што е спротивно на сите европски директиви. Членот од друга страна нормално претставува една тиха би рекол централизација и би рекол можеби вонзаконска, вонуставна контрола во делот на локалната самоуправа, економијата и стопанството во Република Македонија.

Во член 16 став 1 се вметнува задолжително мислење за нацрт-плановите кое треба да го издаде Министерството за транспорт и врски за секој план, со што непотребно се комплицира процесот на изготвување на плановите, бидејќи веќе постои обврска и тоа законска на Министерството да дава согласност на плановите. Во пракса ваквите измени ја ограничуваат автономијата во вршењето на изворната надлежност, на локалната самоуправа, на градоначалниците и на советите и создаваат канал за диктирање на интереси од страна на централната власт.

Членот 23 е посебно интересен, особено ставот 3 и 4. Замислете, предвидува Министерството со управен акт во дискреција да уредува материја која според Уставот е оргинерна надлежност на локалната самоуправа која просторот го уредува со план, кој претставува легислативен акт што го донесува Советот на општината односно претставничкото тело. Со урбанистичкиот проект практично се дерогира целиот систем на урбанистичко планирање зошто станува можно само со една одлука на министерот да се преуредува земјиштето кое што веќе е уредено со урбанистички план и тоа мора да признаете дека навистина може да биде скандалозно. Овој член не претставува ништо друго, туку навистина е создаден да овозможи корუктивна градба во Република Македонија со која ќе управува и од која ќе профитира никој друг туку само оној кој што го потпишува актот, а тоа е Министерството односно министерот.

Во членот 25 став 5 навидум се олеснува градењето, но практично се воспоставува правна несигурност зошто се овозможува градење со нерасчитени имотно правни односи. Замислете да почнете да градите некаде нешто, а имотно правните односи да не се расчистени. Ова ќе создаде нови дивоградби во Република Македонија кои нема да можат да добијат одобрение за градба, за употреба, а имотот се разбира на соседите, на луѓето, објекти кои што се во таа ситуација или во тие парцели, се разбира ќе бидат незаштитени, деградирани и нормално тие ќе бараат начин како да се реши овој проблем, нормално преку институциите на системот.

Со членот 47 се овозможува Министерството да издава овластување на физички лица планери до заживувањето на комората, но ни збор нема за временскиот рок кој што навистина би требало да стои во преодните одредби. Со тоа практично предлагачот вели дека надлежноста ја централизира и ја зема во Министерствто и нормално го поништува професионалното коморско работење, бидејќи очигледна е намерата комората воопшто да не проработи. Кога минситерот навистина вели дека тоа не е така, тоа треба и да го аргументира. Меѓутоа, не може комората да чека година ипол, почитуван заменик министер, да донесете подзаконски акт, со кој што е донесете уредба да почне таа нормално да функционира. Но, формирањето и работата на комората и донесувањето на подзаконски акти, кои што ја регулираат работата на комората, нормално вие намерно го кочите. Вие најдобро знаете зошто го правите тоа. Се разбира дека овој закон има и други забелешки, меѓутоа овие пет забелешки до колку бидат прифатени и предлагачот сам ги корегира во интерес на времето и ефикасното работење на овој Парламент, бидејќи видовме дека и десетина дена работење амандмански по еден закон, парламентарното мнозинство ќе си го усвои на крајот. Ние сме подготвени од СДСМ до колку ги прифатите и сами ги промените овие забелешки да гласаме за предложениот закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Збор има господинот Горан Петров, повелете.

**Горан Петров:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, колеги пратеници.

Би сакал и јас накратко во интерес на времето да ги истакнам моите видувања околу предложениот текст на Законот за просторно и урбанистичко планирање. Ова е еден од корпусот закони кој што го уредува како планирањето на просторот, така и градењето, како и дел од урбанизмот. Можеби случајно, можеби не денес пред нас е прво Законот за просторно и урбанистичко планирање, а верувам дека наскоро ќе дојдат на ред и законите за градење, како и законот за градежно земјиште. Суштината на темата која што ја обработува овој закон, пред се е планското уредување на просторот, она што значи дефинирање и стратегија како на државата, така и на едниците на локална самоуправа како помали клетки во општеството, сопственото земјиште и зацртување на идните правци на развој на

територијата која што ја покрива. Законот за просторно и урбанистичко планирање кој што е донесен пред нешто повеќе од две години, кој што не претставува некое долго време за негова имплементација, сепак во прв момент покажа одреден степен на неусогласеност терминолошки и една од работите кои што во овој Предлог-закон се пред нас е токму тоа усогласување и со самото тоа подобрување на текстот на законот кој што е сега актуелен. Тука, пред се, мислам на редефинирање и прецизирање на одредени поими, усогласување со неколку други закони кои што во одреден дел се преплетуваат со Законот за просторно и урбанистичко планирање. Тоа пред се се Законот за заштита на културното наследство, Законот за прекршоци и новопредложениот закон за градење, како и Законот за градежно земјиште. Мое лично мислење е дека повеќето од овие предложени, пред се, терминолошки исправки се сосема во ред. Како пример би го земал Законот за заштита на културното наследство. Секаде каде што во текстот на постојниот закон се спомнуваат заштитни мерки, сега се прецизира, сега се напоменува точно дека се работи за заштита на недвижно културно наследство, се спомнуваат споменични целини, се спомнуваат и заштита на животната средина.

Тоа е чекор понапред во однос на постојниот закон. Меѓутоа, моја лична забелешка во член 8 став 2 на предложениот текст на законот, се провлекува термин кој мислам дека не соодветствува со ново предложениот текст на законот за градење, а тоа е терминот градител. Се надевам дека Владата и во амандманската расправа ќе има слух и овие недостатоци кои сметам дека се исклучиво од техничка природа, ќе ги надмине со тоа што ќе се прифатат одредени амандмански забелешки.

Би нотирал неколку од точките кои се суштина на новиот предлог на текстот на законт и она што го кажа и владиниот претставник, заменикот министер. Имено, она што за мене е најприоритетно во се ова што е предложено во текстот на законот пред се е владината определба преку изготвување на годишна програма за приоритетна изработка на урбанистички планови, се става во функција на подобар и побрз влез на странски инвестиции. Меѓутоа не би рекол само и на странски инвестиции и во оние подрачја каде нема покриеност со урбанистички планови, а Владата оценува дека е можно во догледен период да се изнајдат одредени инвеститори со сопствена програма со која би се финансирала како од Буџетот на Република Македонија така и од буџетите на градот Скопје и општините. Исто така што е посебно важно и од заинтересирани правни и физички лица. Ќе дојдеме во ситуација кога, за жал, барем досегашната пракса во Република Македонија, многу е полесно да најдете инвеститор или човек што сака да инвестира кој има идеја и визија како да направи одреден бизнис, полесниот дел од работата, а далеку потешко е, како држава или како единица на локалната самоуправа, пред се, да му пружите неопходни предуслови за да може да отпочне со постапка за добивање на градежна дозвола, за да може да отпочен со реализација на сопсветниот бизнис план. Ова значи дека, оние атрактивни површини за градба, пред се за индустриско и стопанско производство, обично се надвор од населените места, а ни една единица за локалната самоуправа нема толку финансии ниту моќ, на крајот на краиштата нема ни визија да урбанизира дел од сопствената територија која што е надвор од урбаното подрачје. Тоа значи дека, со изработката на оваа годишна програма, досега барем неатрактивни локации ќе можат да бидат урбанизирани и со тоа да бидат ставени на сите идни евентуални инвеститори.

Она што исто така го поздравувам во предлог текстот на законот е што донесувањето на урбанистичките планови на оваа приоритетна програма може да се одвива и по скратена постапка. Тоа значи дека нацрт планот како фаза на изработка ќе биде прескокнат и веднаш ќе се оди на предлог на план. И она што исто сметам дека е суштинско ви е намалување односно нормирање на роковите за кои што одредени институции ќе треба да се произнесат и ќе треба во постапката на донесување на урбанистичките планови да допринесат таа постапка да заврши што побргу. Сакам да кажам дека во делот на давањето мислење, во делот на давањето на согласности или пак предлагање од страна на Владата и Министерството, предлагање од советите на општините наместо досегашните рокови кои што некогаш се движат и по 30 дена, сега Владата предлага нивно скратување, со што ценам дека многу ќе се скрати постапката која што е чисто административно, да не речам бирократска што навистина претставува само губење време на секој инвеститор. Во време кога секој инвеститор се труди да најде што подобри услови ценам дека Република Македонија односно Владата на Република Македонија преку изработката и скратувањето на роковите за изработка на плановите, ќе стане поатрактивно место за вложување не само на странските туку и на домашните инвеститори.

По функција на изработка на тие простори кои што не се покриени со урбанистички планови исто така го ценам како позитивен пристапот да се обработуваат со архектонско-урбанистички проект, парцелите што се надвор од населени места и парцелите што имаат само приближна површина на градба или пак претпоставуваат градба на комплексна целина или на повеќе градби. Со други зборови кажано, со архитектонско-урбанистичкиот проек ќе може подетално да се направи разработка на просторот и ќе може многу поефикасно тоа планирање да биде спроведено во однос на тоа што значи соодветно планирање и урбанистичко решение.

Во однос на оние кои ги изработуваат урабанистичите планови и она што значи регулирање на работите во таа област, би се осврнал на Комората на овластени архитекти и инжинери кои во овој момент, со овој предложен текст на законот ќе бидат во функција на давање на овластување, додека државниот орган задолжен за уредување на просторот, ќе биде задолжен за издавање на лиценци.

Сметам дека во овој прв период кога се уште Комората не е профункционирана е сосема во ред. Државниот орган задолжен за уредување на просторот да биде оној кој ќе ги издава лиценците на правните лица. Верувам дека ќе се согласите дека е малку нелогично, Комората која е регистрирана и во која членуваат физички лица, да дава лиценци за правни лица. Тоа би било во расчекор. Сметам дека тоа решение е сосема во ред, додека давањето дел на овластувањата на овластените проектанти и инжинери-архитекти, ќе биде регулирано со подзаконски акти и со работењето на Комората.

Мое мислење е, додека успешно да се конституира Комората, државниот орган да ја преземе на себе таа улога на издавање на овластување што се надевам ќе трае што пократко, додека Комората не профункционирала како што треба.

Тука би го поздравил и чинот со кој Владата на Република Македонија за почеток на Комората ќе и обезбеди простор неопходен за работење. Занчи се работи за деловен простор кој ќе биде во функција на самата Комора и се надевам дека од тој аспект Комората ќе нема проблеми од сопственото функционирање.

Исто така, во текстот на законот, спомнав веќе дека се врши усогласување со одредени закони кои се испреплетуваат со овој закон. Се надевам дека во понатамошниот тек на работата Собранието, со предложените закони за градење и градежно земјиште и со измените што се предлагаат ќе дојдеме до поефикасна состојба во делот на урбанизмот и градежништвото. Овде во овој закон можеме само да се трудиме, преку нашата расправа, преку предложените амандмани да придонесеме, оние предулови кои ги спомнав во делот на проектирање, во делот на издавање на одобренијата, во делот на издавање на лиценците и овластувањата, да биде што поефикасен и да биде во функција на оние кои најмногу им треба.

Би го нотирал овде и делот од текстот на законот кој предвидува, со стапување во сила на овој закон веќе да престанат да се издаваат услови за градење односно објектите кои претходно се изградени да не бидат предмет на издавање на решенија за локациски услови. Тоа како управен акт сметам дека ќе се регулира, бидејќи токму сега со предложениот текст многу прецизно и многу нормативно се набројани сите потребни работи кои инвеститорот треба да ги приложи за да добие решение за локациски услови.

Сметам дека законот вака како што е предложен, убеде дека е чекор понапрет од постоечкиот закон. Иако го нема предзнакот на Европската унија односно европското знаменце, сепак е доста важен бидејќи, мораме да се согласиме, за да се оствари било каква програма, не мора тоа да биде владина програма, нека биде програма и на единците на локалната самоуправа, сепак потребно е државата да обезбеди одредени предуслови, предуслови во вид на урбанизирање на просторот, давање содржина и правци на неговиот развој, сметам дека се застапени во овој закон и заради тоа јас ќе дадам подржка на овој текст на закон.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Петров.

Три минути реплика за господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Со сиот респект кон колегата, меѓутоа мислам дека ќе беше згодно, бидејќи се работи за еден навистина мошне важен закон, јавноста во Република Македонија сериозно ја следи оваа расправа, ќе беше добро од негова страна со вистински зборови да го каже она што го прави предлатачот на законот.

Не велам дека не бирав зборови кога земав збор и кога кажав дека не е добро Министерството да се меша во еснафот. Нека Министерството, министерот и замениот ја тераат политиката на Министерството, на Владата. Меѓутоа, очекував без разлика на политичката припадност на колегите пратеници, отворено да застанат зад Комората, бидејќи тоа е еснафот, тоа се луѓето кои, ние и после нашиот мандат и после другите мандати ќе се среќаваме со нив. Да се одземаат надлежности на Комората и да се доделуваат на Министерството кое треба да донесе само еден подзаконски акт, сите оние луѓе и експерти кои доаѓаат од Брисел како претставници на Европската комисија да ги лажеме дека тоа независно тело ќе профункционира некогаш, ве молам, дајте да ги употребиме вистинските зборови. Има ли потреба од мешање на политиката во струковото огранизирање. Ниту некаде имало, ниту овде има потреба. Затоа, ве молам, подржете го амандманот, подржете го предлогот кој го дадовме дека навистина е потрабна корекција од страна на предлагачот и Комората час поскоро да почне да работи. Само тогаш ќе не почитуваат и ќе не ценат како законодавен дом кој реално, објективно знае да реши одредена материја како што е оваа, а не е така едноставна, напротив е многу сложена.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контрареплика има господинот Горан Петов, повелете.

**Горан Петров:** Јас ќе се согласам со господинот Ќуркчиев дека Комората е независно тело на кое најмалку му треба политизација. Јас ја спомнав само во еден сегмент, а тоа е дека и досега Комората, за жал, нема профункционирано. Не

гледам зошто и во изминатиот период Комората не работела, претпоставувам од политички прижини, како што рече мојот колега. Сега она што е предложено во текстот на законот е дека овластувањето ги дава Комората, а лиценците, се надевам дека во некоја блиска иднина исто така како ингеренции ќе бидат отстапени на Комората, во моментот кога таа ќе профункционира и ќе биде во можност, бидејќи само напомнав дека во Комората членуваат физички лица. Лиценците треба да се издаваат на правни лица односно на фирми и тука не гледам никаква колизија во однос на работењето, а уште помалку мешање на било кој влади орган во работењето на Комората.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Катерина Димовска, повелете.

**Катерина Димовска:** Благодарам потпретседателе.

Денес го имаме предлого за донесување на закон за изменување и допонување на Законот за просторни и урбанистичко планирање и јас исто како моите почитувани колеги, членови на Комсијата за транспор и врски, ќе се согласам со нив дека се работи за еден мошне значаен законски проект, за еден проект од трите битни закони, после законот за градежно земјиште и законот за градба. Од тие причини почитувани колеги по овој закон имаше една конструктивана расправа и на Комисијата од кои дискусии произлегоа амандмани кои ги имаме предложени во материјалите денес, со нашиот Предлог закон. Се надевам дека се е тоа во насока на подобрување на законот, се со цел да добиеме законски проект кој во понатамошниот период ќе профункционира затоа што законот кој беше донесен во почетокот на јули 2005 година, се докажа и покажа во неговото досегашно функционирање дека има недостатоци и дека има потреба од негово дополнување.

Една од битните причини за изменување и дополнување на законот е и поради потрабата за допрецизирање на одредбите на законот во кој се утврдува обврската, Владата на Република Македонија да донесува годишна прорама за приоритетна изработка на урбанистички палнови, на предлог на органот на државната упрва надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Тука, а исто така и на Комисијата се дискутираше околу издаањето на лиценците на изработка на урбанистичките планови и од тие причини со измените и дополнувањата на законот се предлага лиценците за изработка на урбанистички планови да го издава органот на државната управа за вршење на работите, за уредување на просторот, а овластувањата на носителите за изработка на урбанистичките планови да ги издава Комората. Вака предложената измена, јас ја прифаќам како позитивна од истите причини што ги кажа и колегата Петров, заради можност во натамошниот перид Комората, која се уште не функционира, да може да профункционира како тело и се согласувам со колегата Ќуркчиев дека е од битно значење Комората, дека тука е еснафот, тука се инжинерите и проектантите. Меѓутоа, оваа форма на предлог што ја имаме во законот, за сегашниот перод е прифатлива како што е понудена во законот.

Со Предлогот на законот се предлага уредувањето на прашањата за изработка на урванистички планови за остварување на инвестиции од големо значење на Република Македонија, а тоа значи одстранување на пречките. Со овој Предлог се дава можност Владата на Република Македонија да донесува програма за приоритетна изработка на урбанистички планови и тоа на предлог на надлежното Министерството за уредување на просторот.

Со предложение измени се предлага измена во член 18 од постојниот закон за просторно и урбанистичко планирање каде на прецизен начин се дефинираат условите што треба да ги исполнуваат лицата изработувачи на урбанистички планови, начинот и постапката за добивање на лиценца и овластување, како и важноста за обновување на истите. Тоа е добро прецизирано од причини што тие лица треба професионално да ја работат својата функција.

Со предложениот закон се предлага изменување и дополнување на Законот односно се укажа за потребно да се прецизираат случаите во кои се предлага и се донесува урбанистички проект со кој се врши урбанистичка разработка на просторот за градби, кои се вон плански опфати на урбанистичките планови а се во согласност со просторниот план на Република Македонија. Така што во законот е разработено во кој случај и во која постапка се донесува урбанистички проект, а во кои случаи просторот се разработува со урбанистичкиот проект. Со предложените измени и дополнувања на законот се предлагаат и прецизни одредби во делот на постапката за издавање на решение за локациски услови односно се прецизираат доказите кои треба да ги приложи барателот на решението. Имено, во постојниот член 52 став 3 таксативно се наведени доказите што треба да се приложат во постапката за добивање на решение за локациски услови.

Почитувани колеги со предложените измени и дополнувања се врши и скратување на роковите во делот на постапката за носење на планови, така што и општините и државните органи се должни обврските да ги исполнуваат во пократки рокови утврдени со овие измени. На овој начин се цени дека постапката за донесување на плановите ќе биде поефикасна, а се со цел за побрзо и порационално остварување на интересите на сите субјекти чиј интерес е уредување на просторот заради градење на објекти.

Сакам да потенцирам една работа дека од дискусиите кои се водеа на Комисијата за транспорт и врски, амандманите и забелешките кои ги имаа претставниците на Комисијата, се надевам дека некој од нив кои се прифатливи, претставниците од Владата ќе ги прифатат.

Исто така таму каде беа прифатени како позитивни забелешките од самата дискусија на Комисијата за транспорт и врски, имаме предложени амандмани и од Владата, кои се во насока на корегирање на прво предложениот текст на законот, измените на законот за просторно планирање. Јас нема да се согласам со констатацијата дека овие три битни закони кои се основа на уредувањето на просторот, Законот за градежно земјиште, Законот за градба немаат меѓусебна поврзаност. Се надевам дека, како што беше спомнато и за другите два закони кои треба да следат во наредниот период во парламентарната дебата, ќе бидат заеднички разгледнаи и се во насока она што го имаме како приоритет, усогласеност со европското законодавство на овие закони да биде прифатено, за овие три битни закони во наредниот период да профункционираат.

Дискусиите кои се водат се во насока на контруктивна дебата.

Не би сакала да одам во поединечна анализа на членовите, ссамо тука сакам да спомнам некои работи. Имено, би потенцирала неколку членови, членот 9, со кој се предлага за изработка на урбнистичките планови во членот 7, Владата на Република Македонија донесува програма, значи тоа е прецизно уредено во членот 9 и предлог програмите од ставовите 2 и 3 од овој член, пред нивното донесување се доставува до општините, општините на градот и градот Скопје кои се прифатени со Предлог програмата заради давање мислење и прифаќање на програмата во делот што се однесува за секоја општина или градот Скопје, мислењето се дава во рок од седум дена по прием на програмата, а доколку не се пропиша рок, се смета дека е дадено позитивно мислење. Ова е позитивна одредба што се предвидува со членот 9 заради она што до сега ни се случуваше, затајување на постапките и мислењата кои требаше да се даваат од соодветните институции.

Во членот 17, урбанистичките планови, се додаваат два нови става 7 и 8, посебно ќе го потенцирам ставот 8 со кој се предвидува урбанистичките планови за кои Владата на Република Македонија донела одлука за приоритетна изработка на урбанистички планови на овој закон, се донесуваат по скратена постапка во која урбанистичкиот план се изработува и се донесува како предлог план. Тука можам да дискутирам и за останатите членови, но во интерес на времето тука би престанала. Се надевам дека овој законски проект ќе биде прифатен од сите колеги пратеници. Јас ќе го прифатам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по Предлогот за донесување на законот.

Тука ја прекинувам денешната седница.

Со седницата продолжуваме утре во 12,30 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,35 часот)